ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# SPOT PRICES

## Анализа на протокот на луѓе, дрога и пари во Западен Балкан

ВОЛТЕР КЕМП | КРИСТИНА АМЕРХАУСЕР | РУГЕРО СКАТУРО

МАЈ 2021 ГОДИНА

# SPOT PRICES

*Анализа на протокот на луѓе, дрога и пари во Западен Балкан*

Волтер Кемп I Кристина Амерхаусер I Ругеро Скатуро

Мај 2021 година

## БЛАГОДАРНОСТ

Овој извештај е производ на Опсерваторијата за нелегални економии во Југоисточна Европа (ЈИЕ-Опс) на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (ГИ-ТОК). ЈИЕ-Опс е платформа која ги поврзува и ги оснажува чинителите од граѓанското општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Таа има за цел да му овозможи на граѓанското општество да ги идентификува, анализира и да ги мапира криминалните трендови и нивното влијание врз нелегалните текови, владеењето, развојот, меѓуетничките односи, безбедноста и владеењето на правото, и го поддржува граѓанското општество во следењето на националната динамика и пошироките регионални и меѓународни трендови во организираниот криминал..

Овој извештај се базира на податоци, информации и анализи собрани од страна на актерите на граѓанското општество базирани во Западен Балкан. Конкретно, им се заблагодаруваме на Арта Бериша, Дајана Бериша, Дричим Чака, Бојан Елек, Катерина Гетева, Лавдим Хамиди, Артан Хоџа, Јетон Исмаили, Наталија Јаковљевиќ, Мирослава Јелачиќ, Јелена Јовановиќ, Данијел Ковачевиќ, Орнела Липери, Мирослава Миленович, Ана Милосављевиќ, Семир Мујкиќ, Сафет Мушиќ, Надица Петрова, Роланд Кафоку, Сенад Рамадановиќ, Илја Рубанис, Ивица Симоновски, Александар Станков и Јелена Зориќ. Сакаме да им се заблагодариме и на сите други соработници кои заслужуваат признание за поддршката и учеството во овој извештај, но кои не можат да бидат именувани.

Посебна благодарност упатуваме до нашите колеги Анеса Аговиќ и Саша Ѓорѓевиќ, како и до Александар Србиновски, за нивните придонеси, повратни информации и координација во врска со работата на терен, како и за помошта при подготовка на податоците и мапите. Благодарни сме и за поддршката на другите членови на тимот на ЈИЕ-Опс: Фатјона Мејдини, Угљеша (Уги) Звекиќ, Фабиан Жила, Од Малме и Трпе Стојановски.

Оваа публикација е изработена со финансиската поддршка на Фондот за конфликти, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Нејзината содржина е единствена одговорност на ГИ-ТОК и не ги одразува нужно ставовите на Обединетото Кралство.


## ЗА АВТОРИТЕ

**Волтер Кемп** е Виш соработник на ГИ-ТОК и дава насоки на ЈИЕ-опс. Тој е исто така Специјален советник на Иницијативата за соработка во безбедноста. Претходно бил назначен на повеќе високи позиции во Организацијата за безбедност и соработка во Европа, бил потпретседател на Меѓународниот мировен институт и портпарол и писател на говори во Канцеларијата на ОН за борба против дрога и криминал. Тој има нашироко пишувано за превенцијата на конфликти, за односот помеѓу криминалот и конфликтот и за безбедносните прашања во Европа.

**Кристина Амерхаусер** е аналитичар на ГИ-ТОК која што спроведува истражување за Западен Балкан и работи на ЈИЕ-опс. Таа е магистер по напредни меѓународни студии од Виенската школа за меѓународни студии

**Ругеро Скатуро** е аналитичар на ГИ-ТОК кој што спроведува истражување за Западен Балкан и за прашања поврзани со италијанската мафија. Неговите главни области на интерес и експертиза се организираниот криминал во јужна и југоисточна Европа, со посебен фокус на историјата на Коза Ностра и нејзините врски со други криминални мрежи.


© 2021 Global Initiative Against Transnational Organized Crime.
организиран криминал.
Сите права се задржани.

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира или пренесува во каква било форма или на кој било начин без дозвола во писмена форма од Глобалната иницијатива.



Дизајн на корицата: Flame Design
Дизајн и илустрација: Ink Design Publishing Solutions
Картографија: Руди де Ланге



За евентуални прашања обратете се на:
Глобалната иницијатива против транснационалниот
организиран криминал
Avenue de France 23
Geneva, CH-1202
Швајцарија

www.globalinitiative.net

# СОДРЖИНА


**Извршно резиме** ..... iv

**Криумчарење мигранти** ..... 2

Контекстот: причинители, пречки и стимулации ..... 3

Рутите ..... 5

Баратели на азил и мигранти ..... 6

Жаришта на криумчарење луѓе ..... 7

Криумчарите ..... 10

Модалитети на криумчарење и плаќања ..... 16

Опасностите од криумчарење ..... 18

Процена на големината и вредноста на пазарот ..... 18

Заклучок ..... 21

**Дроги** ..... 22

Канабис ..... 24

Хероин ..... 30

Кокаин ..... 34

Синтетички дроги ..... 37

Жаришта ..... 40

Бизнисот и актерите ..... 43

**Перење пари** ..... 46

Перење помали износи ..... 50

Повеќе пари, поголема комплексност ..... 57

Идни чекори ..... 67

**Заклучок** ..... 68

Забелешки ..... 71

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Полициски службеник патролира на границата Хрватска - Србија близу Товарник.
*© Антонио Броник/Ројтерс преку Алами Сток Фото (Antonio Bronic/Reuters via Alamy Stock Photo)*

Западен Балкан е крстосница за трговија со многу недозволени добра и географски центар за криумчарење мигранти кои се обидуваат да влезат во Западна Европа. Иако овие факти се добро познати, информациите за големината на пазарите и потенцијалните профити се помалку очигледни. И додека Западен Балкан има лош углед за перење недозволени приходи, нема многу информации за градовите или за секторите каде што тоа претставува проблем.

Овој извештај ги расветлува мрачните бројки на мешаните мигрантски текови низ Западен Балкан, цените што тие ги плаќаат за да бидат прокриумчарени, како и цените на дроги во регионот. За оваа цел, извештајот користи пристап прв пат употребен во претходните два извештаи на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (ГИ-ТОК) за организираниот криминал во Западен Балкан, односно посочувајќи и гледајќи што се случува во избраните жаришта, особено рутите со голем промет за влез и излез преку кои се криумчарат мигранти и клучните јазли за трговија со дрога. Фокусирањето на недозволена активност во овие жаришта обезбедува поглед одблизу на двигателите и овозможувачите на организиран криминал. Истовремено, анализата на овие жаришта во регионален контекст дава индикација за обемот на нелегалната трговија и потенцијалните добивки.

По разгледувањето на износите на пари што се заработуваат во овие жаришта и укажувањето каде и како се одвива криумчарењето мигранти и дрога, извештајот разгледува трет проток - парите. Третиот дел од извештајот објаснува како функционира перењето пари во регионот, од една страна во смисла на перење мали суми во неформалната економија, и од друга страна на поголемиот обем генериран од сериозен организиран криминал и корупција од големи размери. Извештајот идентификува сектори и индустрии, како и во посебни жаришта во Западен Балкан што се особено ранливи на перење пари.

Овој извештај содржи огромна количина на информации што беа собрани во четвртиот квартал од 2020 година – и покрај пандемијата КОВИД-19. Наодите се засноваат на теренски истражувања и интервјуа извршени со сегашни и поранешни службеници за спроведување на законот; со истражувачки новинари; истражувачи; локални службеници; барателите на азил и мигранти; корисници на дрога; хуманитарни агенции; меѓународни организации; и претставници на граѓанското општество во жариштата. Извештајот, исто така, се потпира на секундарни извори, како што се аналитички и медиумски извештаи и официјални владини информации. За овие информации да бидат што е можно поразбирливи за корисниците, за овој извештај специјално се изработени голем број мапи и графички прикази.

Се надеваме дека овој извештај може да доведе до поголемо разбирање на нелегалните економии во Западен Балкан, така што ќе можат да се преземат поефикасни мерки за намалување на стимулациите и профитот на организираниот криминал.

# КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

Членови на семејство од Авганистан прават пауза во североисточна Босна и Херцеговина пред да се обидат да ја преминат границата со Хрватска. © *Дамир Сагољ/Гети Имиџис (Damir Sagolj/Getty Images)*

Овој дел го разгледува криумчарењето мигранти преку Западен Балкан. Во него е објаснет контекстот, особено влијанието на овој недозволен пазар на затворањето на таканаречената „балканска рута“ во 2016 година по големиот наплив на мигранти во 2015 година. Во овој дел е даден преглед на главните рути, профилот на барателите на азил и мигрантите, а потоа извештајот се фокусира на жариштата каде што се одвива криумчарењето мигранти во шесте земји од Западен Балкан (ЗБ6). Особено се фокусира на главните влезни точки кон регионот (преку Северна Македонија и Албанија) и главните излезни точки (на границата меѓу Босна и Херцеговина и Хрватска и помеѓу Србија и Унгарија). Вклучен е и профил на криумчарите, како и преглед на цените што тие ги наплатуваат. Овие информации за цените, во комбинација со податоците и проценете за бројот на луѓе кои се во движење, се прикажани во единствена пресметка што дава индикација за големината и вредноста на пазарот, особено на клучните гранични премини.

## Контекстот: причинители, пречки и стимулации

Од 1970-тите, балканската рута е озлогласен пат за криумчарење на дрога (главно хероин) од исток кон запад. Но, во 2015 година, таа доби ново значење бидејќи се проценува дека околу 1,5 милиони барателиа на азил и мигранти - делумно предизвикани од војната во Сирија - се пробиле низ Турција и Грција кон Западен Балкан и потоа кон Западна Европа.




**СЛИКА 1** Нелегални преминувања на граници на балканската рута во бројки, 2009–2018 година.

ИЗВОР: Форнтекс, Рути на миграција, https://frontex.europa.eu/we-know/migratory-routes/western-balkan-route.

Некои луѓе од Балканот - особено од Косово[1] - го искористиле хаосот за да им се придружат на толпите што минувале низ регионот и барале азил на Запад. Повеќето наскоро биле вратени дома. Додека владите во Западна Европа првично биле неподготвени, самата тежина на бројките и популистичките стравови дека ќе бидат преплавени од „роеви“ странци довеле до затворање на балканската рута во март 2016 година. Ова било постигнато со поставување огради по клучните гранични премини, зголемување на граничните контроли – вклучително и со распоредување на Фронтекс – и забрзување на процедурите за азил.[2]

Иако бројот на барателите на азил и мигранти значително опадна во 2016 година, протокот на луѓе не запрел, бидејќи многу од причинителите на ова движење – како што се војните во Сирија, Авганистан и Либија; нестабилноста во Африканскиот Рог и нееднаквоста север-Југ – продолжиле да постојат. Понатаму, додека барателите на азил и мигрантите можеле слободно да се движат низ Европа во 2015 година, подигнувањето на бариерите во 2016 година создало пазар за криумчарење мигранти. Откако некои популарни рути, како што се оние од Грција до Северна Македонија и од Србија до Унгарија, станале потешки за минување, мигрантите почнале да бараат алтернативни рути, на пример преку Албанија.

Пандемијата на КОВИД-19 не го намали протокот. Напротив, бројот на барателите на азил и мигранти кои доаѓаат во Западен Балкан се зголемил во 2020 година.[3] Покрај тоа, прогласувањата на вонредни состојби и затворањата на границите создале хуманитарни итни случаи на некои локации (особено близу до клучните гранични премини) и ограничена слобода на движење во рамките на и помеѓу земјите, истовремено зголемувајќи ја мотивацијата за криумчарење.

| Земја | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 4 најбројни националности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 2 047 | 915 | 1 049 | 5 730 | 10 561 | 11 971 | Сирија, Авганистан, Мароко, Ирак |
| Босна и Херцеговина | 133 | 766 | 4 489 | 23 902 | 29 196 | 16 211 | Пакистан, Авганистан, Мароко, Бангладеш |
| Косово | Н/П | 16 | 147 | 590 | 2 081 | 1 910 | Сирија, Авганистан, Алжир, Ирак |
| Црна Гора | Н/П | 167 | 807 | 4 753 | 8 695 | 2 898 | Мароко, Авганистан, Иран, Алжир |
| Северна Македонија | 428 597 | 127 358 | 4129 | 16 895 | 40 887 | 41 257 | Авганистан, Пакистан, Бангладеш, Сирија |
| Србија | 579 518 | Над 60 000 | 69 900 | 45 400 | 30 419 | 39 648 | Авганистан, Пакистан, Бангладеш, Сирија |

**СЛИКА 2** Број на мигранти и барателиа на азил во секоја од шесте земји од Западен Балкан меѓу 2015 и 2020 година.

ИЗВОРИ: Извештаи на УНХЦР за бегалците, барателите на азил и другите мешани движења во Западен Балкан, 2015-2020 година.[4]

Како што е прикажано на Слика 2, во некои земји бројот на мигранти и барателиа на азил на крајот на 2020 година бил поголем отколку на крајот на 2019 година.

# Рутите

Во 2015 година, главната рута по која се движеле барателите на азил и мигрантите била преку Турција и Грција до Северна Македонија и Србија, кон Унгарија и потоа понатаму кон Европската Унија (ЕУ).

Рутата почнала да се менува кога Унгарија подигнала гранична бариера кон Србија во периодот од јули до септември 2015 година.[5] Унгарија, исто така, поставила ограда долж границата со Хрватска во октомври 2015 година.[6] Понатаму на југ, граничните контроли биле засилени во Северна Македонија. Во ноември 2015 година, македонската армија започнала да поставува ограда долж границата со Грција. Оградата сега е долга повеќе од 30 километри. Управување со границите е исто така засилено благодарение на соработката со Фронтекс.[7]

По затворањето на балканската рута во март 2016 година, што било олеснето со договор помеѓу Турција и ЕУ, рутата се префрлила кон Босна и Херцеговина. Во 2017 година, забележано е значително зголемување на барателите на азил и мигранти во Босна и Херцеговина и, во помала мера, во Црна Гора.[8] Бидејќи на луѓето им било потешко да се движат на север и да ја преминуваат границата помеѓу Србија и Унгарија, тие наместо тоа се свртеле кон запад да одат преку Србија и Црна Гора во Босна и Херцеговина. Тие биле охрабрени да се движат низ Република Српска, но често заглавувале во северозападна Босна и Херцеговина заради засилената гранична контрола од страна на Хрватска. Ова создало хуманитарна криза во и околу бегалските кампови во кантонот Уна-Сана во Босна и Херцеговина, во близина на хрватската граница.

Од 2019 година, има јасно зголемување на бројот на барателиа на азил и мигранти кои влегуваат во Албанија.[9] Исто така, постојат индикации дека мигрантите се обидуваат да влезат во ЕУ со движење кон исток наместо кон запад, одејќи од Србија во Бугарија и Романија.

# Барателиnа азил и мигранти

Мнозинството барателиnа азил и мигранти кои се движат низ Западен Балкан се од Блискиот Исток и од Северна Африка. Некои бегаат од конфликт, додека други се економски мигранти. Мнозинството се од Сирија, Авганистан, Иран, Ирак и Мароко.[10] Пријавени се барателиnа азил и мигранти и од Алжир, Етиопија, Еритреја, додека другите се Курди од Турција.

За краток период, имаше извештаи дека голем број луѓе од Иран, Индија и Бангладеш биле пријавени дека доаѓаат преку Црна Гора и Босна и Херцеговина - што веројатно делумно се должи на договорот за безвизен режим што Србија го склучила со Иран и Индија. Други, наводно, летаат од регионот на Персискиот залив (каде што работеле илегално) кон Турција, пред да се обидат да влезат во Западен Балкан.

Повеќето мигранти се млади мажи на возраст од 15 до 30 години, додека жени и деца се почесто присутни меѓу барателите на азил.[11] Жените и децата, особено оние од Сирија, имаат тенденција да патуваат како семејства. Сепак, има извештаи за жени и малолетни лица кои патуваат сами, што ги прави многу ранливи.




**СЛИКА 3** Земји на потекло и број на илегални мигранти уапсени во Грција во 2019 година.

ИЗВОР: Годишен извештај на грчката полиција за криминал 2020 година, http://www.astynomia.gr/index.php?option=ozo_content&lang=&perform=view&id=93710&Itemid=2443&lang=.

# Жаришта на криумчарење луѓе

**СЛИКА 4** Жаришта на криумчарење луѓе во Западен Балкан.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Едно од најкритичните жаришта за криумчарење мигранти преку Западен Балкан е всушност надвор од регионот, односно во Солун, во соседна Грција. Барателите на азил и мигрантите имаат тенденција да се собираат во овој град без разлика дали се движат северно од камповите на грчките острови или патуваат преку копно од Турција. Главниот центар во Солун за договори за криумчарење е железничката станица, каде што може да се најде возач за премин кон Западен Балкан, најмалку до грчката граница со Северна Македонија. Следниот дел ги следи жариштата долж главната траекторија на патувањето од југ кон север.

## Северна Македонија

Иако граничната безбедност помеѓу Грција и Северна Македонија е засилена, Северна Македонија останува клучна транзитна рута за мешани миграциски текови.[12] Рутата низ Северна Македонија е особено популарна кај мигрантите од Пакистан и Авганистан, коишто користат услуги на локалните криумчари и сонародници. Главните влезни точки се околу Гевгелија и Стар Дојран близу до грчката граница. Мигрантите обично се оставени непосредно пред границата, која што ја преминуваат низ пошумено подрачје. Нив ги собираат криумчари од другата страна и се упатуваат кон север по Коридорот 10, кој води од Гевгелија преку Велес до Скопје.

Според полицијата, граничните надлежни тела спречиле речиси 25 000 обиди на мигранти илегално да влезат во Северна Македонија од Грција од јануари до септември 2020 година.[13] Според официјалната статистика за тој период, 27 445 мигранти биле сместени во регистрираните кампови во Северна Македонија - 1 801 во Табановце и 25 644 во Винојуг - пред да бидат депортирани назад во Грција.

Мигрантите кои минуваат низ Северна Македонија најчесто се движат кон Србија или Косово. Тие претежно излегуваат од Северна Македонија преку Старо Нагоричане или Куманово на северот од земјата на нивниот пат кон Србија или преку Чучер-Сандево, Јегуновце или Гостивар на нивниот пат кон Косово. Некои мигранти кои влегуваат во Западен Балкан во Албанија ја преминуваат границата со Северна Македонија околу Стење или Струга или подалеку на север кај Дебар. Мигранти влегуваат во Северна Македонија и од Бугарија околу Струмица, Берово, Делчево и Крива Паланка.

## Албанија

Бројот на илегални мигранти во Албанија се зголемил од 1 978 во 2013 година[14] на 11 971 во 2020 година.[15] Зголемувањето е особено драматично од 2018 година, кога им станало потешко на барателите на азил и мигрантите да преминат од Грција во Северна Македонија, заради што биле принудени да се движат на запад кон Албанија. Најпопуларните точки за влез во Албанија за барателите на азил и мигрантите се наоѓаат во Какавија во Ѓирокастро и Капештица во Корча. Откако ќе влезат во земјата, тие имаат тенденција да се упатуваат кон главниот град Тирана (каде што има камп на периферијата во Бабру), а потоа на север преку Скадар до преминот Хани и Хотит/Божај во Црна Гора или кон Морине на границата со Косово. Поскапа алтернатива е да се патува за Драч или Валона и да се направи обид да се стигне до Италија со брод.

## Косово

Барателите на азил и мигрантите влегуваат во Косово од Албанија и Северна Македонија претежно движејќи се пеш во близина на официјалните гранични премини кај Врбница[16] и Генерал Јанковиќ.[17] Тие обично земаат такси на границата со Косово, а потоа од границата подалеку во внатрешноста, на пример до центрите за прием во Магура, Липљан, Вранидол или Приштина. Во рок од седум дена, им се обезбедува лична карта што им овозможува слободно движење во земјата. Повеќето барателите на азил не се задржуваат долго време. Некои се упатуваат кон Црна Гора или Србија. Но, зголемените гранични контроли очигледно предизвикале промена во рутата, принудувајќи ги мигрантите да се упатуваат кон малото гратче Вучитрн во општина Митровица во Северно Косово. Оттаму, тие со такси одат кон градот Митровица, а потоа патуваат во Србија, на север кон Суботица.

## Црна Гора

Црна Гора е на балканската рута за мигрантите од 2018 година. Бројот на мигранти регистрирани во земјата се зголемил од 807 во 2017 година на 7 593 во 2019 година. Сепак, во 2020 година дошло до намалување на 2 832 (заклучно со 10 декември 2020 година), што можеби делумно се должи на пандемијата на КОВИД-19. Жариштата се граничната зона со Албанија во близина на граничниот премин Хани и Хотит/Божај, во близина на Подгорица и граничната зона околу Плевља, каде што мигрантите ја напуштаат Црна Гора и влегуваат во Босна и Херцеговина.[18] Исто така, пријавени се случаи на мигранти кои влегуваат во Црна Гора од Србија.

Некои барателиnа азил и мигранти се одлучуваат да останат некое време во прифатните центри во Спуж или Божај во близина на Подгорица. Други се упатуваат кон Никшиќ и Плевља на патот кон Босна и Херцеговина. Од Никшиќ, мигрантите продолжуваат кон граничниот премин Шќепан Поле во близина на Фоча или граничните премини Билеќа и Требиње. Тие најчесто користат планински патишта за да влезат во Босна и Херцеговина, а потоа ја преминуваат реката Дрина околу Фоча. Друга посакувана опција е да патуваат од Подгорица до Плевља со редовна автобуска линија. Потоа со такси патуваат до близина на граничниот премин Метаљкаблизу Чајниче и се обидуваат да влезат во Босна по патеката преку планините. Во неколку случаи, мигрантите ја напуштиле Црна Гора низ Херцег Нови преку Превлака до Дубровник во Хрватска.

## Босна и Херцеговина

Миграцијата во Босна и Херцеговина е зголемена од 2018 година.[19] Интервјуата спроведени со мигрантите, органите за спроведување на законот и новинарите покажуваат дека јужните босански граници се прилично порозни.[20] Во југоисточниот дел на земјата, барателите на азил и мигрантите доаѓаат од Црна Гора кон Требиње, Билеќа и Фоча. Од таму често се упатуваат кон – или ги носат до – Мостар. Границата помеѓу Србија и Босна и Херцеговина е долга 363 километри, од кои 261 километар е долж реката Дрина, што е добро воспоставена патека за илегално криумчарење. По преминувањето на реката, мешаните мигрантски групи обично се движат кон Чајниче, Рудо, Вишеград, Зворник и Биелина и потоа кон Тузла. Тие не се задржуваат долго време, туку се движат кон Сараево или кон кантонот Уна-Сана во северозападниот дел на земјата, во близина на границата со Хрватска. Моментално, има повеќе од 3 500 мигранти во камповите околу Сараево.[21]

Сепак, најголемото жариште за криумчарење мигранти во Босна и Херцеговина е во кантонот Уна-Сана, особено градовите Бихаќ и Велика Кладуша и, во помала мера, Цазин. Според податоците од Службата за работи на странци, заклучно со декември 2020 година имало повеќе од 3 200 мигранти во привремените прифатни центри во областа.[22] Волонтерите проценуваат дека уште 1 500 мигранти живеат надвор од капацитетите за сместување мигранти, честопати на отворено, што создава хуманитарна катастрофа.[23] Речиси сите барателиnа азил и мигранти во земјата се на територијата на Федерацијата Босна и Херцеговина, бидејќи Република Српска одбива да прими.

Од кантонот Уна-Сана, барателите на азил и мигрантите или се обидуваат пеш да ја преминат границата со Хрватска или да им платат на криумчарите да ги однесат со камион во Хрватска или Словенија. На пример, на 24 февруари 2021 година, полицијата во Словенија открила 13 мигранти од Ирак, меѓу кои и две деца, скриени во камион со регистарски таблички од Босна и Херцеговина. Мигрантите биле дехидрирани и имале недостиг на кислород.[24]

Од средината на 2020 година, полицијата забележува сè почести обиди на криумчарите да ги префрлаат луѓето преку северната граница на Босна и Херцеговина во Хрватска, особено околу Оџак, Дервента, Градишка и Брод, како и преку областа Брчко, што е посебна административна единица во рамките на Босна и Херцеговина.

## Србија

Србија е популарна дестинација за барателиnа азил и мигранти бидејќи се граничи со четири земји од ЕУ: Хрватска, Унгарија, Романија и Бугарија. Според УНХЦР, во 2019 година во Србија влегле 30 216 мигранти - речиси двојно повеќе отколку во 2018 година. Министерот за внатрешни работи посочи дека во 2020 година повеќе од 8 500 мигранти биле запрени во обид илегално да ја преминат српската граница.[25]

Повеќето барателиnа азил и мигранти се обидуваат да влезат во Србија преку Северна Македонија. Тие ја преминуваат границата во близина на градовите Прешево и Трговиште. Семејствата најчесто се упатуваат кон прифатните центри во Врање, Прешево и Бујановац, додека мажи-самци често го продолжуваат своето патување кон Белград. Исто така, има случаи на мигранти кои влегуваат во Србија од Косово, особено од северно Косово и од Црна Гора преку општините Тутин, Ѓерекаре и Плевља. Мигранти исто така се видени како влегуваат во Србија од Бугарија во близина на градовите Босилеград, Сурдулица, Димитровград и Заечар.

Откако ќе влезат во Србија, мигрантите најчесто се криумчарат во една од трите можни насоки: на север кон унгарската граница; на запад кон Босна и Херцеговина (преку реките Сава или Дрина во Република Српска); или на северозапад кон Хрватска (особено преку Шид или Сомбор). Додека Унгарија порано беше најпопуларна дестинација, засилената гранична безбедност од 2016 година го отежнува влегувањето. Сепак, некои мигранти одат на север преку Суботица кон граничниот

премин Хоргош или се обидуваат да го преминат Дунав за да стигнат до Унгарија. Други се упатуваат источно кон Романија преку општината Нови Кнежевац (особено околу селата Мајдан и Рабе), а потоа се обидуваат оттаму да преминат во Унгарија. Неодамнешните извештаи посочуваат дека некои мигранти се обидуваат да влезат во Романија од Србија подалеку на југ околу Кикинда.[26] Полицијата открила и неколку тунели (длабоки 3–7 метри и долги 15–30 метри) под жичаната ограда долж српско-унгарската граница во околината на Сегедин, Ашотхалом и Келебија. Овие тунели се сметаат дека се релативно ризични поради веројатноста да бидат фатени или заради опасноста од рушење на тунелот.[27] Во зависност од безбедноста на тунелот и веројатноста за успех, цените се движат меѓу 500 и 5.000 евра.[28]

# Криумчарите

*Иако некои барателиназил и мигранти користат пристап на самопомагање, повеќето се потпираат на криумчари.*

Иако некои барателиназил и мигранти користат пристап на самопомагање, повеќето се потпираат на криумчари. Постојат приближно три категории криумчари: комбинатори, чувари на премини и дилери на пакети.

## Комбинатори

Голем дел од криумчарењето мигранти во Западен Балкан се чини дека се врши во релативно мал обем. На пример, има многу извештаи за таксисти (некои од нив импровизирани или нелиценцирани) кои ги возат мигрантите од селото во големи градови, од градови до населени места близу до границите или ги земаат на границите. Тие ретко ги преминуваат границите.

Исто така, вообичаено е приватни граѓани или возачи на камиони да префрлаат мал број барателиназил или мигранти за одреден надоместок. Неодамнешен тренд е да се ангажира „придружен персонал“ за возачи на камиони. На мигрантите им се дава вистинско писмо од компанија со седиште во Западна Европа и патни исправи за личност која наликува на – но не е - носителот. Овие документи можат да се дадат на увид на полицијата како доказ дека мигрантот „се враќа дома“. Комбинаторите исто така ги поврзуваат мигрантите со криумчари или таксисти, им предлагаат рути и безбедни засолништа и ги предупредуваат за полициските патроли. Некои од комбинаторите делуваат и како стражари или извидници. Тие чекаат на автобуските и железничките станици за да ги пречекаат очекуваните пристигнувања. Кога пристигнуваат нови групи на мигранти во некој град, комбинаторите им ја пренесуваат на криумчарите информацијата за големината и составот на групата. Ако комбинаторите ја делат истата етничка припадност како и членовите на групата мигранти, тие можат да дејствуваат како посредник помеѓу групата и криумчарите.

Комбинаторите најчесто работат во рамките на границите на една земја, за разлика од чуварите на премините кои помагаат луѓе да преминуваат граници. Тие се препознатливи по ниското ниво на оперативна софистицираност. Фактот дека постои толку истакната улога за сите видови комбинатори укажува дека пазарот за криумчарење мигранти е релативно отворен.

Слика 5 прикажува примерок на цени кои се наплатуваат за превоз на барателиназил и мигранти во шесте земји во Западен Балкан, вообичаено со такси. Цените се движат од минимум 20 евра по лице регистрирано во Црна Гора за превоз од село до населени места близу до границата со Босна и Херцеговина, до максимум од 500 до 700 евра по возило за преминување на целата територија на Северна Македонија од областа Гевгелија (близу до границата со Грција) сè до Куманово, на границата со Србија.

| Земја | Од | Преку | До | Цена (евра) | Услови |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | Поградец | Тирана | граница со Црна Гора | 70 | по лице |
| Босна и Херцеговина (БиХ) | внатрешност на Федерацијата | внатрешност на Федерацијата | внатрешност на Федерацијата | 200 - 500 | по лице |
| БиХ | Требиње, Билеќа и Фоча | Мостар, Сараево, Травник, Прозор или Јајце | Кантон Уна-Сава | 100 - 300 | по лице |
| БиХ | Фоча, Чајниче, Рудо, Вишеград | Сараево | Кантон Уна-Сава | 100 - 300 | по лице |
| БиХ | Зворник, Биелина | Тузла, Бања Лука или Сараево | Кантон Уна-Сава | 100 - 300 | по лице |
| БиХ | внатрешност на Република Српска | внатрешност на Република Српска | внатрешност на Република Српска | 20 - 100 | по лице |
| БиХ | Селата во Република Српска | внатрешност на Федерацијата | Сараево | 150 - 200 | по лице |
| Црна Гора | Метаљика | 15 km шума | Српска граница | 100 | по возило (такси) |
| Црна Гора | Плевља | Н/П | Босанска граница | 50 - 150 | по лице |
| Црна Гора | внатрешност на Црна Гора | Н/П | села во близина на границата со БиХ | 20 | по лице |
| Северна Македонија | подрачјата на Гевгелија и Стар Дојран | Велес | подрачјето на Куманово | 500 - 700 | непозната |
| Србија | Внатрешност на Србија | Населените места Ѓала, Српски Крстур и Банатско Арангелово или населените места Врбица и Мајдан | граница со Унгарија и/или Романија | 50 - 100 | по лице |
| Србија | Прешево | Н/П | Белград | 200 | по лице |
| Србија | Белград | Н/П | Суботица | 200 - 250 | по лице |
| Србија | Внатрешност на Србија | Н/П | граница со Унгарија | 50 - 200 | по лице |

**СЛИКА 5** Ценовник за внатрешно движење во рамките на земјите од Западен Балкан.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Цените варираат во зависност од опфатената далечина и бројот на патници (децата кои ги придружуваат нивните родители често патуваат бесплатно). Поризичните патувања често се и поскапи. На пример, на некои мигранти во Црна Гора им биле наплатени по 100 евра за да ги поминат последните 15 километри до шумата близу српската граница. Главно, цените се релативно ниски, бидејќи во многу случаи постои конкуренција од редовните автобуски и железнички линии.

Иако криумчарењето мигранти е нелегално, слушнавме многу приказни од мигранти и луѓе кои живеат или се запознаени со жариштата за криумчарење мигранти за тоа како полицијата и граничарите често дејствуваат како комбинатори. За определен надомест, тие можат да се согласат или да не бидат на одредено место во одредено време или да ги пренесат барателите на азил и мигрантите преку границата. Корумпирани полициски и гранични службеници се уапсени на повеќе локации. На пример, во ноември 2020 година шефот на граничната пошта во Зворник, Босна и Херцеговина, бил уапсен за криумчарење мигранти.[29] Слично, во август 2020 година полицаец од Тирана бил уапсен во Поградец, во близина на границата со Северна Македонија, додека превезувал двајца сириски државјани во неговиот автомобил за сума од 70 евра по лице.[30] Неколку случаи се пријавени и во Црна Гора и Северна Македонија.[31]

**Многу мигранти, особено млади мажи, користат пристап на самопомагање кога се движат низ регионот.**
*© Сакис Митролидис/АФП преку Гети Имиџис (Sakis Mitrolidis/AFP via Getty Images)*

Адвокат во Албанија кој им помага на клиентите да се пријават за азил забележа: „Невозможно е имигрантите да се движат од една во друга земја или да се обезбеди нивниот превоз во рамките на земјата без поддршка од локалната полиција. Имајќи го предвид фактот дека има полициски пунктови на сите поголеми автопати, како можат овие имигранти, кои можат да бидат лесно препознаени не само по нивниот јазик, туку и по физичкиот изглед, да не бидат запрени на патот? Ова е показател и потврда дека високите службеници на локалните полициски управи се претходно информирани од трговците со луѓе и преземаат мерки за расчистување на патот до нивната дестинација.“[32] Всушност, во еден момент беше разрешен целиот синџир на команда на Регионалната управа за граница и емиграција во Тирана; четворица полициски службеници беа уапсени под сомнение дека учествувале во трговија со илегални имигранти во соработка со туристички агенции.[33]

## Чувари на премини

Се добива впечаток дека најорганизираните и најпрофитабилните форми на криумчарење се појавуваат околу границите кои најтешко се преминуваат: помеѓу Грција и Северна Македонија; Северна Македонија и Србија; Србија и Унгарија; и помеѓу Хрватска и Босна и Херцеговина. Овие клучни гранични премини се релативно добро заштитени и затоа се поризични за преминување. Затоа е исплатливо на криумчарите да им наплаќа на луѓето за безбеден премин. Криминалните групи на овие локации се чини дека се мешавина од локални жители со познавање на теренот и движењата на полицијата, како и државјани на земјите од каде што потекнуваат барателите на азил и мигрантите (како Авганистан, Пакистан, Мароко и Сирија). Тие одговараат на описот на организирана криминална група, понекогаш дури и со прекугранични криминални мрежи. Некои криумчари се добро опремени и добро поврзани, а имаат и контакти во полициските и граничните служби. Тие се исто така добро приспособливи; дури и за време на кризата поврзана со КОВИД-19, криумчарите наоѓаа начини да стигнат до мигрантите и да организираат операции на криумчарење.

Чуварите на премини ја отвораат вратата кон следната земја долж рутата, каде што најважен е влезот во земја на ЕУ, како Хрватска или Унгарија. Во некои случаи, мигрантите пристапуваат пеш: чуварите на премини дејствуваат како водичи, водејќи група свои сонародници преку зелената граница, а потоа се враќаат преку границата за да ѝ помогнат на следната група. На пример, во кантонот Уна-Сана, каде што многу луѓе се наоѓаат во бегалски кампови, криумчарите, кои и самите се мигранти, се инфилтрираат во камповите и преговараат за деталите за обиди за криумчарење. Потоа тие дејствуваат како водичи за мали групи од приближно пет мигранти да се движат пеш низ шумата кон Хрватска. Овие криумчари потоа се враќаат во Босна и Херцеговина, во надеж дека ќе заработат доволно пари за да можат да им платат на други криумчари за да ги пренесат во релативна безбедност во некоја западноевропска земја. Уште еден пример се Авганистанците или Пакистанците кои селат нивни сонародници од Северна Македонија во јужна Србија.

Чуварите на премините, исто така, организираат превоз со траекти и сплавови преку сините граници, како на пример од Србија до Босна и Херцеговина преку реките Дрина и Сава или од Сомбор во северна Србија преку реката Дунав до Унгарија. Преминување река може да чини од 100 до 500 евра по лице.

Чуварите на премини, исто така, го контролираат пристапот до тунелите, како што е оној помеѓу Србија и Унгарија. Криумчарите испраќаат GPS координати на мигрантите за да ги идентификуваат влезните точки до тунелите. Криумчарите кои го контролираат овој пристап обично се од земјите на потекло на мигрантите.[34] Можно е да поседуваат и неколку половни или украдени автомобили, како и регистарски таблички од различни земји со цел да изгледаат помалку впечатливо. Операцијата „Ривиера“ во Грција во јануари 2021 година го прекина криумчарскиот синџир којшто поседуваше флота од 130 возила.[35]

Цените платени на оваа категорија криумчари се главно повисоки од оние што им се плаќаат на комбинаторите, затоа што чуварите на премини им помагаат на барателите на азил и мигрантите да преминуваат граници, вклучително и да ги надминуваат предизвиците на природните бариери како реки и планини. Цената може да вклучува и други придобивки, како на пример привремено безбедно засолниште. На пример, мигрантите плаќаат приближно 2.500 евра за да патуваат од Суботица во северна Србија до населено место близу унгарската граница каде што се сместуваат во напуштени куќи и фабрики пред да бидат прокриумчарени во Унгарија. За да преминат од Грција во Албанија, мигрантите плаќаат од 1.000 до 2.500 евра: овие цени вклучуваат транспортни услуги од јужните области на Корча и Ѓирокастро или на јадранските пристаништа Валона и Драч или северните градови Скадар и Кукуш. Дури и кратките патувања можат да бидат релативно скапи, особено за преминување добро обезбедувани граници. Мигрантите наводно плаќаат околу 700 евра по лице за да бидат прокриумчарени од Грција или Бугарија пеш преку планинскиот масив Беласица до Струмица, на југот на Северна Македонија. Цените може да варираат во зависност од сезоната, големината на групата и проценатa на криумчарите за тоа колкав е капацитетот за плаќање на групата.

На слика 6 се прикажани цените што криумчарите ги наплатуваат за преминување на меѓународните граници.

| Од | Преку | До | Цена (евра) | Услови |
|---|---|---|---|---|
| Корча и Ѓирокастро (грчко - албанска граница) | Тирана | Валона, Драч, Скадар, Кукуш (Север) | 3.000 – 5.000 | Вклучува поткуп на гранични службеници |
| Плевља (Црна Гора) | Н/П | Фоча (БиХ) | 350–400 | по лице |
| Област на Никшиќ (Црна Гора) | Н/П | Требиње (БиХ) | 350 | по лице |
| Велес (Северна Македонија) | Н/П | Куманово, потоа Србија | 800 – 1.000 | по лице (вклучува автомобил) |
| Велес (Северна Македонија) | Н/П | Куманово, потоа Србија | 1.000–2.500 | по возило |
| Белград (Србија) | Реката Дрина | Бихаќ | 1.500 | пакет цена (група/семејство) |
| Солун (Грција) | Н/П | Куманово, потоа Србија | 700 | по лице |
| Суботица (Србија) | Н/П | Унгарија | 2.500 | вклучува сметување на скриени места |
| Хоргош (Србија) | Реката Тиса | Морахалом (Унгарија) | 100 - 300 | по лице |
| Нови Кнежевац (Србија) | Рабе, Мајдан, Банатско Арангелово, Мокрин, Наково, Банатско Велико Село и Нови Козарци | Романија, Унгарија | 200 - 500 | по лице |
| Во внатрешност на Србија | Населените места Ѓала, Српски Крстур и Банатско Арангелово или населените места Врбица и Мајдан | населени места во Унгарија или Романија | 150 - 200 | по лице |
| Србија | Реката Дрина | БиХ | 500 | по лице |
| Куманово (Северна Македонија) | Н/П | Србија (регион на Врање) | 500 - 600 | по лице |
| Кукуш (Албанија) | Н/П | Косово (призренска област) | 200 | по лице |
| Митровица (Косово) | Н/П | Србија | 300 | по лице |
| Келебија (Србија) | Н/П | Сегедин и Ашотхалом | 800 - 2.400 | цена за тунел |

**СЛИКА 6** Цена на криумчарење преку меѓународна граница.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

## Дилери на пакети

Големите пари од криумчарењето се заработуваат преку пакет на зделки. Извршувањето на такви зделки бара висок степен на софистицираност и планирање, како и транснационални мрежи, документи и пристап до возилата. За неколку илјади евра, на мигрантите во Грција или Турција им се ветува пакет зделка што ќе ги однесе во Западна Европа. Преминување на повеќе меѓународни граници во регионот може да чини од 600 до 20.000 евра по лице, во зависност од почетната точка и дестинацијата (види Слика 3). На овој начин, мигрантите можат да стигнат до Хрватска, Словенија или идеално Австрија од кое било од местата за влез во Западен Балкан, вклучувајќи ги Какавија и Капештица во јужна Албанија, Струмица и Гевгелија во јужна Северна Македонија и Ниш во јужна Србија. Цената што се плаќа за влез од Иран или Авганистан во која било земја на ЕУ се движи од 3.000 до 3.500 евра по лице. Мигрантите интервјуирани во Босна и Херцеговина, обидувајќи се да стигнат до Хрватска, тврдат дека платиле околу 6.000 евра од Пакистан.

Зделките често се склучуваат во Грција или Турција. Криумчарите користат контакти во бегалски кампови или големи градови (често околу пристаништата) каде што се собираат барателите на азил и мигранти или мигрантите доаѓаат кај нив (на пример, околу железнички и автобуски станици или пристаништа).[36] Тие нудат да организираат патување или до границата на една од шесте земји од Западен Балкан или целиот пат до централна или западна Европа. Дилерите на пакети дејствуваат како советници на патот, објаснувајќи ја рутата, сместувањето и транспортот. Во некои случаи, за дополнителен надомест, пакет зделката може да вклучува и набавка на патни исправи. Овие можат да бидат фалсификати или легитимни документи на некој што наликува на корисникот. Плаќањето често се договара однапред.

Криумчарите во Грција или Турција се потпираат на контактите во регионот во Западен Балкан и во земјите на дестинација. Во извештајот на албанското Министерство за внатрешни работи се забележува дека „организираните мрежи на трговци со луѓе, составени од грчки и албански државјани, често се вклучени во организирање на нивниот премин кон Италија или на границата со Албанија, во замена за исплата на надоместок“.[37]

Мрежите со седиште во Турција, наводно, играат значајна улога во криумчарењето. Со текот на годините, Турција беше домаќин на голем број сириски и ирачки барателите на азил кои често се потпираа на криумчари од Турција кои наплатуваат од 6.000 до 20.000 евра за да стигнат до Западна Европа преку Грција и балканската рута, во зависност од бројот и составот на групата поединци што ќе бидат прокриумчарени.[38] Неодамна имало и случаи на криумчари кои се обидувале да ги префрлат барателите на азил од албанските или црногорските пристаништа и марини до италијанското крајбрежје преку Јадранското Море.[39]

Во јануари 2020 година 55 мигранти биле спасени покрај брегот на Албанија. Секој од нив им платил на криумчарите по 2.000 до 4.000 американски долари за безбеден превоз до Италија со јахта; наместо тоа, биле однесени со глисер.[40] На почетокот на јануари, полицијата во Валона запрела 21 мигрант, кои планирале илегално да го преминат Јадранското Море.[41] Соседна Црна Гора се соочува со сличен предизвик. Во октомври 2020 година, црногорската полиција во маринаата Зеленика пресретнала јахта по име „Посејдон“ со хрватско знаме и српски екипаж; потекнувала од Будва и се движела кон Италија.[42] При преглед на пловниот објект, полицијата на бродот открила 52 курдски мигранти.[43] Криумчари во Турција кои го договориле патувањето наплаќале од 5.000 до 8.000 евра по лице за трансфер во Италија, според полициски извори.[44] Тоа значи дека криумчарите заработиле околу 300.000 евра од само една група од приближно 50 мигранти, а трошоците се проценувале на околу 100.000 евра.[45] Тоа им овозможува да заработат значителен профит од секоја група.

Се добива впечаток дека пакет зделките ги користат претежно семејства (на пр. од Авганистан или од Сирија или Курди од Турција) кои можеби имаат доволно средства и сакаат да ги избегнат ризиците и проблемите од пристапот „направи сам“ или пристапот „од една точка до друга точка“. Во случај на откривање или апсење паровите – особено оние со деца – можат да изгубат многу повеќе отколку мажи кои патуваат сами.[46]

На слика 7 се наведени некои од цените наводно платени за патувања низ шесте држави од Западен Балкан.

## Самопомагање

Конечно, некои групи се потпираат на сопствените способности и контакти за да се пробијат преку граници и низ земји. Тие исто така тие се потпираат на информациите добиени во бегалските кампови и безбедните засолништа, преку локални контакти или социјални медиуми од групи што биле порано. Освен тоа, тие користат ознаки оставени долж патот (како лименки закачени на дрва, графити на згради, итн.). Некои дури користат редовни автобуски или железнички линии, на пример од Подгорица до Плевља во Црна Гора или од Сараево до Бихаќ[47] во Босна и Херцеговина, престојувајќи во хотели.[48]

| Од | Преку | До | Цена (евра) | Услови |
|---|---|---|---|---|
| Република Српска (БиХ) | Хрватска | Словенија | 1.000 | по лице |
| Грција | Албанија | Косово | 600 | по лице |
| Турција | Република Српска (БиХ) | ЕУ | 3.000 - 5.000 | по лице |
| Пакистан | Н/П | БиХ | 6.000 | по лице |
| Авганистан, Иран | Црна Гора | ЕУ | 3.000-3.500 | по лице |
| Црногорско пристаниште | Јадранско Море | Италија | 5.000-8.000 | по лице |
| Грција | Северна Македонија | Србија | 1.000–2.500 | по лице |
| Суботица | Романија; Товарник (Хрватска); или реката Тиса во близина на Ѓала, Тисасигет (Унгарија) | ЕУ | 2.000-8.000 | по лице, може да вклучува лажни документи, изнајмување возила и поминување граница со лажен пасош |
| Србија | Романија | Австрија | 5.000 | по лице |
| Сомбор (Србија) | Река Дунав/ Бајски канал | Унгарија | 3.000 | по лице |
| Белград | Н/П | Бихаќ | 1.500 | по лице |
| Србија | Н/П | Унгарија | 1.000 | по чамец |
| МЕНА | Западен Балкан | ЕУ | 10.000 | непозната |
| Турција | Западен Балкан | ЕУ | 15.000-20.000 | по четиричлено семејство |
| Шабац (Србија) | БиХ, Лика (Хрватска) | Словенија | 1.000–2.000 | цена за малолетни лица без придружба |
| Турција | Грција | Србија | 6.000 | по лице |

**СЛИКА 7** Пакет цени за повеќе преминувања на меѓународни граници.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Таквите групи активно се обидуваат да ја избегнат полицијата и криумчарите (кои тие ги сметаат за предатори) и имаат тенденција да се движат брзо и под закрила на темнината, на пример следејќи ги железничките шини. Некои од овие групи што користат пристап на самопомагање можеби повремено мораат да се потпрат на услугите на комбинатори или чувари на премини онаму каде што границите се добро чувани или тешко се преминуваат. Другите го користат пристапот на самопомагање од потреба затоа што снемале пари или им биле одземени криумчари, крадци или полицијата. Мислењата искажани од страна на еден млад човек од Еритреја во центарот за бегалци во северна Србија биле повторени и од многу други бегалци и мигранти со кои направивме интервју за овој извештај: „Секогаш се обидував да ја преминувам границата самостојно затоа што немам многу пари. Овде на Балканот, сè е за пари.“[49] Овој нискобуџетен пристап понекогаш е ризичен. На пример, понекогаш групите што користат пристап на самопомагање се обидуваат да ја преминат границата користејќи техника што ја нарекуваат „играта“: неколку мажи (потенцијално малолетни) од група од можеби 20 лица, прво излегуваат на границата, знаејќи дека има големи шанси тие да бидат фатени. Овој маневар го привлекува вниманието на полицијата, оставајќи ги другите да преминат. Малолетниците или луѓето пред групата кои се фатени се испраќаат назад преку границата.[50] Договорот е дека во иднина тие ќе бидат на ред да бидат во релативна безбедност во задниот дел од групата. Но, оваа „игра“ не е забавна за оние што ќе бидат фатени: има пријави на тепање и други повреди на човековите права од страна на полицијата, особено на границата со Хрватска.[51] Понатаму, се чини дека станува сè потешко да се „победи“ во играта. Неколку мигранти кои ги интервјуиравме во округот Уна-Сана, Босна и Херцеговина, како и во Суботица, Србија, споменаа дека ја пробале играта меѓу пет и дваесет пати, но биле успешни. Сепак, некои изразиле фрустрација и барале алтернативни патишта, додека други, како еден млад човек од Тунис, откако пет пати се обидел да ја премине границата од Србија во Унгарија или Романија, рече: „Јас сум навикнат на тежок живот во мојата земја. Ова не е ништо за мене, и ќе повторно ќе се обидам.“[52]

# Модалитети на криумчарење и плаќања

Некои аранжмани за криумчарење мигранти преку Западен Балкан се договараат надвор од регионот, особено за пакет зделки или за првата фаза од патувањето. Понекогаш зделките се договараат со употреба на системот "хавала"хавала (повеќе за овој систем подолу во извештајот). Услугите се договараат во Турција или во земјата на потекло, каде што мигрантите го плаќаат целиот износ на бараните пари однапред на договорена сметка. Потоа, организаторите на патувањето постепено извлекуваат средства од сметката по секое успешно преминување на одредена граница. Друг бизнис модел кој е поповолен за клиентот вклучува исплата на процент од надоместокот (на пример, 50%) однапред на почетокот на патувањето. Остатокот се плаќа на крајот од патувањето, како еден вид надоместок за завршувањето на патувањето, на пример од семејството или пријателите дома или во земјата на дестинација.

За разлика од 2015–2016 година, барателите на азил и мигрантите сега се чини дека се претпазливи во однос на носење големи количини на готовина од страв дека ќе бидат ограбени од крадци или од полицијата. Тие најчесто имаат пристап до пари долж патот со користење услуги за трансфер на пари, како што се Western Union или Moneygram. Парите обично ги праќаат членови на семејството во нивните земји на потекло или од семејството и пријателите во Западна Европа.[53] Вработен во една таква канцеларија во Приштина рече дека мигрантите главно само повлекуваат релативно мали износи пари, од 50 до 200 евра.[54] Сето покажува дека плаќаат за да се движат од една до друга точка. Друг начин за трансфер на пари и плаќање за услуги за криумчарење е депонирање пари на сметки направени на интернет обложувалници. Криумчарите, користејќи код што им го дале мигрантите, го одбиваат надоместокот од сметката откако мигрантите ќе ја преминат границата.

Мигрантите најчесто патуваат во мали групи од околу 15 луѓе. Тие го наоѓаат патот преку апликации како „Google Maps" и често ги зачувуваат рутите во нивните телефони со GPS координати. Комуницираат преку социјални медиуми, како што на пример WhatsApp, Facebook и Viber.[55] Некои групи дури објавија „упатства" на YouTube за тоа како се патува од Албанија во Црна Гора, а потоа и за Хрватска, дури и даваат информации за Националниот центар за барателите на азил во Бабру, близу Тирана.[56] Другите се потпираат на повеќе аналогни методи, како што се следење реки или пруги на возови, како и ознаки што ги оставиле оние што биле претходно.

Мигрантите се среќаваат со криумчари во кампови, преку претходно договорени контакти или преку интернет, телефон или социјални мрежи, како и на познати места за состаноци во мали и големи градови (како што се паркови, транспортни центри или паркинзи) каде што остваруваат „врски за поаѓање" за понатамошното патување.[57]

Мигрантите главно го користат криумчарењето кога сакаат да ги преминат границите. Кога е голема можноста да бидат откриени, барателите на азил и мигрантите имаат тенденција да се движат пеш и обично ноќе. Тие се возат кон зелената зона од границата и потоа користат криумчар (или сопствени способности) за да ја преминат границата. Нив често ги чека од другата страна или однапред договорен контакт или хонорарен помагател, како што е возач на такси.[58] Судските случаи, на пример во Србија, покажуваат дека е крајно тешко да се осуди таксист за криумчарење, бидејќи тој или таа може да наведе дека превезуваат клиент кој плаќа.

Понекогаш криумчарите користат специјално приспособени моторни возила со двојно дно или со редизајниран багажник. Другите мигранти се криумчарат во багажници од автомобили или со камион, скриени под церада. Повремено, ова се прави со знаење на возачот за надомест; во други случаи, мигрант влегува во камион или приколка на товарно возило кога возачот не гледа. Во Северна Македонија, има многу пријавено случаи на мигранти кои се обидуваат да скокнат на возови во движење, понекогаш со смртни последици.

Некои барателиˊ на азил и мигранти избегнуваат барем еден опасен граничен премин летајќи директно во главниот град на една од шесте земји од Западен Балкан. Некои националности кои имаат безвизни договори, вклучително и државјани на Иран и Турција, летаат до главен град како Белград или Подгорица и од таму го започнуваат своето патување. Исто така, има извештаи дека Курди од Турција отвораат компании во Црна Гора кои работат како паравани за криумчарење на мигранти. Таквите компании често се користат за издавање гарантни писма за вработување, кусо време потоа се затвараат Фактот дека цените што им се наплатуваат на Курдите се релативно високи (помеѓу 5.000 и 10.000 евра по лице) укажува одреден степен на софистицираност. Луѓето во движење имаат тенденција да останат во бегалски кампови, каде што ги има, или во безбедни засолништа како приватни домови, празни куќи или напуштени згради. Некои од нив дури можат да си дозволат да престојуваат во локалните хотели.

Луѓето во движење честопати поднесуваат барање за азил дури и ако знаат дека имаат малку шанси за успех. Тоа им овозможува да купат време да останат во земјата додека да се обработи нивното барање. Податоците за Албанија се илустративни. Според извештајот на Министерството за внатрешни работи, имало 6 703 барања за азил во 2019 година, или 56,3 % од вкупниот број од 11 890 имигранти. Сепак, дури 5 831 или 87 % од овие барателиˊ го напуштиле центарот за барателиˊ на азил во Бабру пред завршување на нивната постапка за азил. Од јануари до март 2020 година имало 2 088 барања за азил, што претставува 49,5 % од приведените имигранти. Дури 1 124 од овие имигранти го напуштиле центарот за барателиˊ на азил. Како што покажуваат податоците, постои широко распространета тенденција за злоупотреба на правото на азил.[59]

*Криумчарењето главно се користи за преминување граници. Кога е голем ризикот да бидат откриени, барателите на азил и мигрантите имаат тенденција да се движат пеш и обично ноќе.*

**Мигранти кои скришно престојуваат во напуштена зграда во Белград.**
*© Pierre Crom/Getty Images*

# Опасностите од криумчарење

Криумчарењето е инхерентно опасно. Најочигледниот ризик е ризикот да се биде фатен. На некои граници, како меѓу Босна и Херцеговина и Хрватска, полицијата и граничарите имаат брутална репутација, вклучително и за тепање мигранти кои се фатени и земање на нивните пари и предмети.[60]

Постои и ризик од кражба. Како што забележа еден хуманитарен работник во Северна Македонија, „многу често криумчарите ги земаат сите пари од бегалците, а потоа ги оставаат на патот или на некоја планинарска патека за мигрантите да не можат да се ориентираат каде се".[61] Постојат дури и извештаи за изнуди, киднапирања и уцени. Всушност, некои мигранти ја нарекуваат Северна Македонија „Мафидонија" заради нејзината репутација за криминал - не само од страна на македонски граѓани, туку и од криумчари од Блискиот Исток и Северна Африка.[62]

Понекогаш има извештаи за грабежи и тепачки меѓу мигрантите, на пример во камповите. Исто така, има извештаи дека некои мигранти, особено од Авганистан и Мароко, користат или продаваат дрога.[63]

Криумчарите понекогаш возат непромислено за да не бидат фатени од полицијата. Во една од неколкуте несреќни случаи со мигранти во Северна Македонија во 2020 година, автомобил со 12 мигранти удрил во полициско возило; двајца од мигрантите загинале. Мигрантите исто така гинат на железнички шини, или преку контакт со високонапонски кабли или удрени од воз.[64] Во 2015 година, 14 мигранти коишто заспале на пругата, биле убиени од возот што патувал од Солун кон Белград.[65] Има извештаи и за мигранти кои се удавиле при обид да преминат река.[66]

Жените, особено оние кои патуваат сами, се можни жртви на силување или принуда да плаќаат за своето патување со сексуални услуги. Истрагата за еден случај на криумчарење мигранти во близина на Мостар во Босна и Херцеговина покажа дека криумчарите користеле жена мигрант од Иран (со малолетно дете) како исплата во натура за операцијата на криумчарење. Неколку месеци ја чувале во стан каде што таа била принудена да чисти и да готви храна за десетици мигранти кои привремено престојувале таму.[67] На места каде што мигрантите се задржуваат на нивното патување, има сè повеќе извештаи за очајни мигранти кои стануваат ранливи на трговија со луѓе, вклучувајќи питачење, ситен криминал, присилна работа и сексуална експлоатација.

Повеќето луѓе кои се во движење не бараат помош од полицијата, од хуманитарни или граѓански организации од страв да не бидат фатени или одделени од нивните групи. Претставник на НВО во Северна Македонија рече: „Тие секогаш имаат страв во очите. Само сакаат да стигнат до Европа и не сакаат да пријават никакво малтретирање со кое ќе се соочат."[68]

# Процена на големината и вредноста на пазарот

Колку е профитабилен пазарот за криумчарење мигранти преку Западен Балкан? Тешко е да се одговори на ова прашање затоа што, покрај информациите за вкупното население кое мигрира низ регионот и цените платени на криумчарите, треба да се разгледаат неколку интервентни променливи како што се дали мигрантите патуваат сами или како семејство; дополнителни надоместоци за патни исправи и мито; и колку пати едно лице треба да ја помине истата граница пред да стигне до својата дестинација. Сепак, со фокусирање на жаришта, можно е да се добие приближна процена за големината на нелегалната економија.

Една пречка за пресметување на обемот на нелегална економија за криумчарење мигранти преку Западен Балкан е фактот што луѓето кои се во движење имаат широк спектар на искуства. Како што покажавме во овој извештај, постојат разновидни рути, различни начини на патување и широк спектар на трошоци. Постојат приказни за мигранти кои буквално пешачат по Балканот и немаат речиси никакви трошоци, додека други пак платиле илјадници евра за да патуваат од Турција до ЕУ. Постои и елемент на среќа: некои мигранти ги фаќаат на границите или заглавуваат во транзит (во кампови или заради КОВИД-19), додека други се во состојба брзо да се движат. Друг предизвик е да се процени колку пари заработени од криумчарење всушност остануваат во регионот: како што е наведено во овој извештај, многу од попрофитабилните зделки се склучуваат пред барателите на азил и мигрантите да влезат во Западен Балкан, додека дел од исплатите се врши дури откако ќе стигнат до својата дестинација надвор од регионот.

Еден метод за пресметување на вредноста на пазарот е да се земе надолжен пристап: да се следи избрана група мигранти од почетокот на нивното патување до крајот. Ова би имало логика доколку би постоел само еден тек на луѓе со висок обем. Сепак, како што е прикажано во овој извештај, луѓето во движење кои патуваат низ Западен Балкан доаѓаат од широк опсег на земји користејќи различни рути. Затоа, избравме да се фокусираме на пазарите во местата коишто најчесто ги посетуваат мешаните мигранти. Пресметувањето на нелегалната економија на овие специфични локации во ограничен временски период обезбедува остар фокус на пресек на пазарот во инаку нејасни услови. Користејќи го овој пристап во главните жаришта за влез и излез во регионот, ние развиваме добра идеја за пазарот на овие клучни локации и добиваме впечаток за потенцијалната нелегална економија за криумчарење мигранти. Главната причина за ова е што интервјуата со различни засегнати страни укажуваат дека, откако ќе влезат во Западен Балкан преку Северна Македонија или од Албанија, мигрантите не поминуваат повеќе од две до три недели пред да дојдат до границите со Хрватска, Унгарија или Романија.[69]

Формулата создадена за пресметување на вредноста ($\mathbb{V}$) на пазарот на криумчарење мигранти во шесте земји од Западен Балкан за 2020 година е производ на вкупниот број луѓе кои се движат низ регионот ($t$) со цените ($p$) кои се плаќаат на криумчарите. Како равенка, формулата може да се запише:

$$\mathbb{V} = t \times \rho$$

Наместо вкупниот број лица, $t$ (односно вкупниот број луѓе) е променлива што треба да претставува целосен број обиди направени од оние мигранти кои се обидуваат да ја преминат границата и со тоа активно да придонесат за создавање на пазарот. Секој вкупен износ ги зема предвид информациите што можат да се соберат со користење податоци од меѓународни организации како ИОМ и УНХЦР, како и од интервјуа со мигрантите и службените лица во прифатните центри.

За целите на триангулацијата, друга рунда пресметки на $t$ се заснова на јавно достапни информации за вкупниот број интервенции извршени од граничните полициски службеници, како и депортации и спречени обиди[i]

Во однос на ρ за цените, тешко се доаѓа до информации и истите можат погрешно да се протолкуваат. Вредностите користени за овој извештај се директно собрани на терен преку интервјуа со релевантни засегнати страни, вклучувајќи мигранти, водачи на заедниците, хуманитарни невладини организации, новинари и службеници за спроведување на законот.[ii]

Сепак, оваа генеричка формула не го зема во предвид фактот дека мигрантите може да се соочат и со пречки на патот. Затоа треба да се воведе трета променлива ($\mathbb{R}$) која што ќе претставува коефициент на успех (или неуспех) на процесот на криумчарење. Имајќи го ова во предвид, ажурираната формула е:

$$\mathbb{V} = t \times \rho \times \mathbb{R}$$

За секое жариште постои соодветна цена, а за секоја цена соодветен коефициент на специфичен успех/неуспех врз основа на нивото на ризик.

Како што е забележано, од 2016 година многу од границите што ги поминувале барателите на азил и мигрантите во 2015 година стануваат сè подобро заштитени. Ограничувањата воведени како резултат на пандемијата КОВИД-19 исто така ја ограничиле мобилноста. При пресметувањето на ризикот треба да се земат предвид и природните бариери како планините и реките. За да се илустрира ова како равенка, $\mathbb{R}$ се утврдува како мерење на шансите помеѓу 0 % и 100 % каде што $y$ е број помеѓу нула и еден. На пример, 0,1 одговара на коефициент на успех од 10 %, а 0,5

i Триангулацијата е неопходна за надминување на следниве ограничувања на изворите на информации. Податоците од меѓународните организации за миграција ни кажуваат колку луѓе се во или околу логорите за барателите на азил и мигранти во секое време, но постои и определен број на луѓе во сенка кои избегнуваат такви места. Освен тоа, ако повеќето мигранти и барателите на азил патуваат од Северна Македонија и Албанија во правец кон север и го преминуваат регионот за помалку од една година, тие можат да патуваат низ три или четири земји од Западен Балкан за време на нивното патување, и веројатно тие ќе се бројат повеќе од еднаш. Што се однесува до полициските податоци, тие ни кажуваат колку луѓе биле фатени, но не и колку успешно преминале неоткриени. Ниту, пак, ни помага да утврдиме дали тие кои биле сопрени и вратени назад - на пример од Хрватска во Босна и Херцеговина или од Унгарија во Србија - се обиделе повторно (и повторно).

ii Наведените податоци треба да се разгледуваат со одредена маргина на грешка, имајќи го предвид недостатокот на доверба, особено кај барателите на азил и мигрантите, за споделување премногу информации од една страна и тенденцијата на органите за спроведување на законот и некои новинари да ги преувеличат бројките од друга страна. За овој извештај, вредностите се дефинирани со пресметување на пондерираната средна вредност на различните дадени процени, распределувајќи поголема тежина на пресметките на мигрантите каде што се достапни.

на коефициент на успех од 50 % и така натаму, до максимум еден, што одговара на успех од 100 %. Во вториот случај, платената цена ќе одговара на успешна постапка за криумчарење при првиот обид за сите вклучени лица $t$.

$$\mathbb{R} = \frac{1}{\gamma} \quad \text{Каде што} \quad 0 \geq \gamma \geq 1$$

Во секој случај, го утврдивме $\gamma$ врз основа на информациите дадени на локално ниво од мигранти, невладини организации, полиција и други луѓе запознаени со ризиците поврзани со одредени рути на трговија со луѓе.

Секоја променлива треба да се разгледа во локалниот контекст и во однос на другите две променливи. На пример, плаќањето хонорар на чувар на премин за да се премине реката Дрина може да биде релативно скапо, но исто така да има голема стапка на успех, додека трошоците за ангажирање на помагател што ќе помогне да се помине низ шумата од кантонот Уна-Сана во Босна и Херцеговина во Хрватска можат да бидат релативно ниски, но исто така и шансата за успех.

Како што е забележано погоре, за да го намалиме бројот на „познати непознати“ - или интервентни променливи - решивме да се фокусираме на специфични жаришта каде што делува дека се одвива најголем дел од криумчарењето мигранти. Тие можат да се поделат во три зони, од кои некои вклучуваат повеќе од еден граничен премин: зона една, границите помеѓу Грција и Северна Македонија и Грција и Албанија (влезните точки на Западен Балкан); зона две, границата меѓу Босна и Херцеговина и Хрватска (исто така земајќи ги предвид патувањата договорени во кантонот Уна-Сана преку Хрватска до Словенија или Италија); и зона три, границите меѓу Србија и Унгарија и Романија, кои се клучен излез кон ЕУ.

## Зона 1: Границите помеѓу Грција и Северна Македонија и помеѓу Грција и Албанија

Повеќето мигранти и барателите на азил влегуваат во Западен Балкан од Грција или околу Гевгелија во Северна Македонија или во близина на Какавија и Капештица во Албанија. Направени се посебни пресметки за двата албански премини заради различните цени и стапките на успех. Во случај на границата помеѓу Грција и Северна Македонија, стапката на успех $\mathbb{R}$ и цените по оваа конкретна рута се под влијание на подобрената безбедност на границата (а со тоа и на поголем ризик), што произлегува од зголемената соработка помеѓу македонските и грчките гранични надлежни тела, како и од распоредувањето дополнителна гранична полиција од осум западноевропски земји.[70]

Конзервативната процена на пазарот за криумчарење мигранти на јужната граница на Западен Балкан се движи од 11,8 до 17,7 милиони евра на границата меѓу Грција и Северна Македонија и од 7,5 до 11,5 милиони евра меѓу Грција и Албанија.[71]

Вкупно, во 2020 година може да се процени дека бизнисот со криумчарење мигранти на главните влезни точки кон Западен Балкан на границите меѓу Грција и соседните Северна Македонија и Албанија е во опсег од 19,5 до 29 милиони евра.

## Зона 2: Граница помеѓу Босна и Херцеговина и ЕУ

Една од најголемите жаришта е границата меѓу Босна и Херцеговина и Хрватска, особено околу градот Бихаќ во кантонот Уна-Сана. Во оваа зона, го земавме како фактор фактот дека во кантонот Уна-Сана се прават зделки за криумчарење мигранти преку Хрватска во Словенија и Италија. Рута што помалку се користи е упатување кон север наместо кон североисток, особено преку реката Градишка кон североисток од Бања Лука, потоа околу областа Брчко и преку границата со Хрватска.[72] Ова се клучните излезни точки за мигрантите кои транзитираат низ Западен Балкан и се обидуваат да влезат во ЕУ. Како резултат, вкупниот број луѓе, трошоците и ризиците се релативно високи. Нашата процена е дека пазарот во овој регион вредеше околу 7 до 10,5 милиони евра во 2020 година, од кои огромно мнозинство беше генерирано во кантонот Уна-Сана.

Ова може да делува како ниска бројка, но треба да се има предвид дека тоа се претежно млади мажи кои плаќаат евтини надоместоци или се обидуваат сами да ја преминат границата.

## Зона 3: Граница помеѓу Србија и Унгарија и Романија

Другиот главен излез од Западен Балкан кон ЕУ е од северна Србија кон Унгарија и Романија. Главните жаришта се Хоргош, областа околу Суботица, Сомбор, тунели во областа Келебија и преку реката Тиса за оние луѓе што се движат источно кон Романија, а потоа се враќаат во Унгарија. Но, сè повеќе, заради строгите контроли на границата помеѓу Србија и Унгарија, мигрантите се обидуваат да се префрлат од Србија во Унгарија преку Романија. Проценетата вредност на пазарот во оваа област се движи од 8,5 до 10,5 милиони евра во 2020 година.

# Заклучок

Со маргина на грешка од 20 %, вкупната пазарна вредност на влезните точки на југот се движи од 20 до 28 милиони евра, додека проценетата вредност на излезните точки е помеѓу 14,4 и 21,4 милиони евра. Несогласувањето може да се припише делумно на фактот дека повеќе луѓе ги користат услугите или криумчарите за да влезат во Западен Балкан, отколку за да излезат, особено што останале без пари додека се префрлат на север.[73] Податоците исто така укажуваат дека има повеќе обиди и враќања на северните граници помеѓу Босна и Херцеговина и Хрватска, како и помеѓу Србија и Унгарија и Романија, иако тоа исто така може да укажува на тенденција на потценување на блокадите извршени на јужните граници на Западен Балкан.

Со примена на истата маргина на грешка од ± 20 %, нашата конзервативна процена за вкупната вредност на пазарот за криумчарење мигранти, пресметана како просек помеѓу потенцијални обиди и блокади, во трите зони е помеѓу 33,7 и 50,6 милиони евра. Вкупниот износ за Западен Балкан е несомнено малку поголем, бидејќи некои луѓе може да се движат по други рути освен оние опфатени во четирите главни зони, на пример од Албанија до Италија со брод.

При пресметување на синџирот на вредности, треба да се има предвид дека делот од патувањето низ Западен Балкан е дел од подолга рута. Дополнителни пари се прават и пред и по Западен Балкан. Покрај тоа, нашето мислење е дека Западен Балкан важи за нискобуџетна рута. Луѓето со повеќе ресурси бараат други рути и начини на превоз, на пример со чамци од Турција или Грција до западноевропските земји (особено Италија). Алтернативно, тие можат да летаат од еден од многуте грчки аеродроми (од Турција или Србија) кон ЕУ користејќи фалсификувани или вистински патни исправи на луѓе со сличен изглед. Дополнително, парите што се плаќаат за пакет зделки за преминување на Западен Балкан преминуваат во други раце надвор од регионот, иако со исплати кон локални олеснувачи. Како заклучок, годишниот обрт од најмалку 50 милиони евра е значителен нелегален пазар, особено во економски загрозените погранични региони. Но, големите пари за криумчарење мигранти преку Западен Балкан се прават на друго место.

**Очајните мигранти честопати се соочуваат со интервенции од полицијата на границите кон Европската Унија.**
*© Федерико Скопа/АФП преку Гети Имиџис (Federico Scoppa/AFP via Getty Images)*

# ДРОГИ

Хероин запленет на границата Србија - Бугарија скриен во камион што патувал од Турција и бил упатен кон Австрија. *© СТР/АФП преку Гети Имиџис (STR/AFP via Getty Images)*

Шестте земји од Западен Балкан остануваат голем транзитен регион за трговија со канабис и хероин и, сè повеќе, со кокаин и синтетички дроги. Неодамнешните заплени покажуваат како дрогата се внесува во регионот, се складира (обично во близина на логистички центри), се сече, се препакува и се дистрибуира на подалечните пазари. Главно, канабисот се движи кон исток од Албанија, додека хероинот се движи западно од Турција, минувајќи низ Северна Македонија и Косово пред да биде испратен на север во Западна и Централна Европа. Најновите регионални трендови вклучуваат:

- Зголемено одгледување канабис (особено во затворен простор) во други земји освен Албанија, како во Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија.
- Висок обем на проток на канабис од ЗБ6 кон Бугарија.
- Наплив на кокаин од повеќе насоки, вклучувајќи од Хрватска, Грција и пристаништата на Црното Море во Бугарија и Романија.
- Пораст на производството и употребата на синтетички дроги.

Овој дел дава преглед на пазарите, цените и патиштата за трговија со канабис, хероин, кокаин и синтетички дроги. Исто така, се разгледуваат главните жаришта на трговијата со дрога во регионот и модалитетите на оваа недозволена активност. Примарните информации се базираат на интервјуа во жариштата со поранешни и сегашни функционери во полицијата и Министерството за внатрешни работи, обвинители, локални истражувачки новинари, активисти на граѓанското општество, адвокати и луѓе кои се дел или се запознаени со наркобосови.[74]

# Канабис

Канабисот е најчесто употребувана дрога во Западен Балкан, како и најчесто запленувана дрога. За разлика од другите дроги, канабисот се произведува во Западен Балкан.[75] Додека Албанија традиционално е најголем производител, одгледувањето таму значително се намали од екот во 2016 година, по големата акција на албанските полициски органи. Понатаму, постојат докази кои сугерираат дека одгледувањето канабис - особено во затворен простор - се зголемува во другите земји од регионот.

Во Албанија, канабисот најмногу се одгледува околу планините Дукаѓин и Кроја и во регионот на Валона. Се одгледува и во областа околу Мемалија, Тепелена и Ѓирокастро, како и околу Фиер, Либражд, Леска, Малакастро, Булчица, Девол и Лач.[76] На производствениот пазар, еден килограм канабис се продава за помеѓу 1.200 и 1.400 евра, додека повисок квалитет на сканк (хибридна сорта) одгледуван во затворен простор чини од 1.600 до 2.000 евра за килограм.

Со канабисот од Албанија се тргува во неколку насоки. Дел се превезува со брод до Италија (од Валона, Фиер, Химара или Лежа). Албанско растение канабис старо шест месеци вреди од 1.800 до.2 000 евра во Италија. Друга популарна трговска рута оди јужно преку Охрид и Битола во Северна Македонија кон Грција. Исто така, канабисот се криумчари од Албанија во Грција со брод, преку планините или преку премините на Ќафа Бота/Сагиада, Капештица/Смрдеш и Какавија/Ктисмата. По преминувањето на границата од Албанија кон Северна Македонија, цената за еден килограм канабис се зголемува за 10 % на 2.000 до 2.200 евра. Канабисот одгледуван во затворени простории во Албанија има поголема концентрација и квалитет на THC (активното соединение, тетрахидроканабинол) од канабис што се одгледува на отворено, што значи дека еден килограм може да се продаде во Грција за околу 2.800 евра и во Италија за 3.200 евра.




| | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Други дроги (во kg) | 182 | 103 | 35 | 118 | 2 | 288 |
| Марихуана (во kg) | 5 250 | 1 957 | 824 | 2 291 | 977 | 7 100 |

**СЛИКА 8** Количина на канабис и друга дрога запленети во 2019 година во ЗБ6.

ИЗВОР: Податоци собрани од годишни полициски извештаи на Западен Балкан.[77]

Одредени количини канабис исто така се носат на исток за потрошувачка во регионот или во Турција или за извоз на север во ЕУ. Од Албанија, дрогата се криумчари преку Кукуш или Призрен, потоа преку Урошевац и Гњилане на Косово. Оттаму, најчестата рута е до Србија преку премините на Долно Карачево и Стублине, кои немаат скенери или царински службеници. Од косовската страна на границата, цените се движат од околу 1.100 до 1.300 евра за килограм и двојно повеќе за висококвалитетен сканк одгледуван во затворен простор.

*Канабисот е најчесто употребувана дрога во Западен Балкан, како и најчесто запленувана дрога.*

Канабисот се одгледува легално во Северна Македонија за медицински цели. Можно е дел од овој канабис да се пробие на црниот пазар, што може да биде причина зошто цените на големо и мало за канабис во Косово се релативно ниски. На почетокот на декември 2020 година, од магацинот на лиценцирана компанија во селото Јосифово, општина Валандово, Северна Македонија, биле украдени два тона канабис.[78] Дел од овој канабисот наводно завршил на Косово.[79] Во одделен случај, четворица мажи (двајца од Скопје и по еден од Албанија и Косово) украле 60 килограми канабис од магацинот на лиценциран производител на канабис во регионот на Крушево.[80] Како што е илустрирано на Слика 9, цените на канабисот во јужно Косово, околу Призрен, се слични на цените во Северна Македонија, додека оние на северот на Косово се слични на цените во Србија. Ниските цени на југот на Косово може да се објаснат и со фактот дека локалниот пазар се снабдува со канабис и од Албанија и од Северна Македонија. Дополнително, наводно „сканк“ се одгледува во централно Косово.[81]




**СЛИКА 9** Цена на грам канабис во избрани жаришта.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Од јужна Србија, канабисот се движи или на југ преку Прешево кон Куманово во Северна Македонија или на север преку Бујановац и Врање. Во Врање, дел од дрогата ја собираат групи од Ниш, Белград или Нови Сад, делумно за снабдување на значително големите локални пазари; делумно им ја доставуваат локални криумчари од околината на Прешево за понатамошна дистрибуција. Дел од канабисот произведен во Северна Македонија, исто така, доаѓа во Прешевската долина. Големопродажната цена на еден килограм канабис се зголемува од околу 2.000 евра на северот од Северна Македонија, до помеѓу 2.200 и 2.400 евра во Прешевската долина. Откако канабисот ќе стигне до Белград, големопродажната цена за еден килограм е помеѓу 2.000 и 2.500 евра, што е на исто ниво со активните пазари на дрога во централна и западна Европа.

Како што може да се види од Слика 10, вредноста на канабисот од регионот се зголемува како што сè повеќе се движи од Западен Балкан и кон побогатите пазари во западна и централна Европа. Ова може да се припише на ризиците од преминување на границите, трошоците за транспорт и поголемата куповна моќ на пазарите во западна Европа, иако на некои пазари постои и конкуренција од други извори на снабдување како што се Холандија и Мароко.

Врз основа на податоците од запленитe, очигледно е дека од Србија канабисот се транспортира на север преку Суботица до Унгарија или источно кон Бугарија по рутите околу Пирот и Градина, кои се користат за транспорт на хероин кон запад. Во август 2018 година беа запленети 600 килограми канабис на Градиње/Калотина; во март 2019 година, откриен бил повеќе од еден тон во камион на истиот премин. Во септември истата година, 1,5 тони биле пронајдени во вреќи со сточна храна, додека во јули 2020 година, 205 килограми канабис биле запленети во италијански кампер на истиот премин. Цената за килограм во овој регион се движи помеѓу 2.000 и 2.300 евра.

Запленитe на канабис исто така укажуваат дека дрогата се криумчари од Србија во Романија околу граничниот премин Ватин/Стамора Моравита. Навистина, во март 2020 година биле запленети 750 килограми канабис во камион на границата. Уште 137 килограми беа запленети на овој премин во октомври 2020 година.

**Акција за борба против дрога во селото Лазарат, Албанија, во 2014 година, во која биле запленети 39 тони марихуана.**
*© Албанско министерство за внатрешни работи/Анадолу Агенција/Гети Имиџис (Albanian Interior Ministry/Anadolu Agency/Getty Images)*

**СЛИКА 10** Подземјето на канабисот.

ЗАБЕЛЕШКА: Каде што е достапно, цените се пондерирана средна вредност на различните износи собрани преку интервјуа на терен со органите за спроведување на законот, дилерите на дрога, граѓанските организации и лицата кои користат дрога. Во останатите случаи, цените се екстраполирани од проценте на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) за цените на големо со канабис достапни овде: https://dataunodc.un.org/drugs/prices. Овие цени се означени со ѕвездичка.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година; Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC).

Слика 11 покажува како канабисот сочинува повеќе од 90% од вкупната количина на дрога запленета во последните десет години од страна на српската полиција. Од географската анализа на заплени на товари од 10 килограми или повеќе, може да се види значењето на жариштата: повеќе од 60% од овие заплени се извршени во јужна Србија.




**СЛИКА 11** Географска анализа на заплените на канабис во Србија.

ИЗВОР: Српско Министерство за внатрешни работи[82]

Заради коридорите за транспорт и напливот на дрога, многу од жариштата за трговија со канабис се исти како и за хероин: Нови Пазар, Врање, Ниш и Нови Сад. На пример, во декември 2020 година, српската полиција запленила 220 килограми канабис во Ниш, за кои полицијата се сомневала дека биле наменети за локалниот пазар. Во февруари 2020 година, полицијата открила 140 килограми канабис во приколка на камион со слама во Блаце, што е непосредно надвор од главниот пат од Приштина до Ниш.

Како и кај хероинот, постојат и магацини за складирање, препакување и дистрибуција на канабис. Тие се обично во близина на клучните транспортни артерии или центри, но честопати на незабележителни места. На пример, во април 2020 година, македонската полиција открила 1,2 тони канабис во еден магацин во близина на Скопје. Во ноември 2020 година, српската полиција запленила 628 килограми сканк од напуштен хангар во Аранѓеловац, 80 километри јужно од Белград. Дрогата била пакувана за понатамошна дистрибуција во Западна Европа. Друг пример е од областа Горен Вакуф – Ускопје во Босна и Херцеговина. Овој логистички центар, среде пустелија (на патот од Мостар кон Бугојно), се чини дека е место за складирање и испорака на канабис што доаѓа од Албанија преку Црна Гора до Хрватска. Во јануари 2020 година, шефот на една транспортна компанија бил уапсен со над 400 килограми канабис.

*Поради коридорите за транспорт и напливот на дрога, многу од жариштата за трговија со канабис се исти како и за хероин.*

## Поголема разновидност на снабдувањето

Постои тренд на одгледување канабис во затворен простор на многу места во регионот. Во ноември 2019 година, во органска фарма во Стара Пазова, Србија биле запленети 650 килограми исушен канабис и сканк, заедно со 65 000 стебла. Според припадниците на Министерството за внатрешни работи на Србија, канабис се одгледува и во значителни количини во Нови Сад, Ниш, Суботица и Сремска Митровица во куќи, станови, бараки, дворови и гаражи. Објекти за одгледување канабис се откриени и во Босна и Херцеговина, на пример во Србац, во близина на границата со Хрватска, во јули 2019 година и во Бања Лука во јуни 2020 година. Канабис наводно се одгледува и во регионот на Приедор, како и околу Посавина и Семберија на северот од земјата.

Во ноември 2020 година, на помалку од 50 километри од главниот град на Србија, полицијата ја открила најголемата плантажа со канабис во Европа на органска фарма со висок профил, позната како Јовањица, којашто е во сопственост на бизнисменот Предраг Колувија. При претрес на имотот биле пронајдени речиси четири тони сиров канабис, вклучително и 650 килограми готов производ за продажба. Подземен комплекс со десетици подруми бил претворен во лаборатории за канабис. Канабисот исто така се одгледувал во девет надземни хангари и се пакувал и чувал во местата на полнење, магацините и канцелариите. Наводно, на имотот биле инсталирани уреди за попречување мобилни телефони. Никој не можел да му пристапи без да помине строга проверка. На имотот било распоредено вооружено обезбедување, вклучително и поранешни припадници на Специјалната антитерористичка единица. Тие биле опремени со пиштоли, термовизиски камери за ноќно набљудување, како и пушки против дронови. Судскиот процес против Колувија и неговите соработници е во тек.[83]

## Хероин

*Според проценките на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC), околу 60 до 65 тони хероин поминуваат низ југоисточна Европа секоја година.*

Според проценките на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC), околу 60 до 65 тони хероин поминуваат низ југоисточна Европа секоја година.[84] Постојат индикации дека големи пратки на хероин се складираат во регионот пред да се поделат на помали пратки и да се транспортираат на север од Србија во Унгарија или на исток преку Северна Македонија и Косово во Албанија. Оттаму, дрогата се испраќа во Италија или преку Црна Гора во Босна и Херцеговина, а потоа во Хрватска.

Хероинот влегува во Западен Балкан од Турција преку Бугарија и, во помала мера, од Грција. Се проценува дека големопродажната цена на килограм хероин во Турција е од 10.000 до 13.000 евра. Наводно, може да се направат зделки со курдски групи за да се купи дрогата по половина од цената ако криумчарот се согласи да прокриумчари килограм за Курдите за секој купен килограм.[85]

Главна влезна точка за хероин е областа околу Делчево во Северна Македонија. Оваа траса оди преку Кочани, Штип и Велес, а оттаму на север кон Скопје. Во овие региони, килограм хероин се продава на големо за цена од 12.000 до 15.000 евра за килограм.

Околу Скопје, трасата се дели на три главни насоки: на север кон Куманово и потоа кон јужна Србија; на североисток кон Косово; и на запад кон Тетово. Дел од дрогата што се упатува кон Тетово потоа се движи кон север кон Косово. Главната рута кон Косово оди преку Урошевац. Оттаму, една рута оди на север кон Приштина и потоа за Нови Пазар во Србија и Чачак на патот кон Белград. Друга рута оди на запад преку Пеќ до Црна Гора околу Рожаје. Наводно, Рожаје е центар за складирање и дистрибуција каде што пратките се сечат (мешаат со други супстанции) и се препакуваат. Оваа теорија е потврдена од цените во регионот: еден килограм хероин околу Рожаје и Беране се продава по цена од 7.000 до 10.000 евра. Пониска цена значи и пониска чистота. Другата траса од Урошевац се движи кон исток преку Гњилане и оттаму кон јужна Србија околу Бујановац. Оттаму, постојат два главни тека на хероин што доаѓаат во јужна Србија: преку Косово и преку Северна Македонија. Од Бујановац, дрогата се пренесува на север преку Врање и Лесковац до Ниш.

Друга значајна влезна точка во регионот за хероин е од Бугарија, особено преку преминот Градиње/Калотина во Србија. Оваа рута оди кон Ниш преку Пирот.

Тоа значи дека Ниш е клучен центар: овој град е на крстопатот на „хероинските автопати“ кои доаѓаат од запад (Косово), југ (Северна Македонија) и исток (Бугарија). Полицијата во Ниш проценува дека еден килограм хероин се продава за 19.000 евра.

Од Ниш (или другата рута преку Чачак), хероинот се движи на север преку Нови Сад или во Хрватска или преку Суботица во Унгарија, а потоа на запад кон Австрија и Швајцарија, каде што се продава за 25.000 евра за килограм. Откако ќе се исече, еден килограм чист хероин може да донесе дури 50.000 евра.

Дел од хероинот од Северна Македонија се криумчари и југозападно од Велес до Прилеп, Битола, околу Охридското езеро и во Албанија преку граничниот премин Ќафасан. Потоа се транспортира за Елбасан, каде што цената на големо е околу 17.000 евра за килограм.

Хероинот влегува во Албанија и од Косово околу Кукуш. Во изминатите пет години во Албанија се запленети над 200 килограми хероин. Дел од хероинот (се проценува дека се пренесува во пратки од 10 до 20 килограми) е наменет за пристаништето Драч, каде што тој се криумчари во автомобили што се превезуваат со траект до Италија. Хероинот исто така се движи на север преку Скадар преку преминот Хан и Хотит-Божај во Црна Гора. Потоа се транспортира преку Никшиќ, каде што се упатува западно кон Требиње во Босна и Херцеговина или североисточно кон Србија. Дел од хероинот оди и од Подгорица до Рожаје, што значи дека е можно хероин да се влева во Рожаје од два правци: од Албанија на југ и од Косово на исток.

Хероинот што минува низ Босна и Херцеговина или се пренесува од Требиње во Хрватска или се криумчари во Мостар, Сараево или подалеку на север во Тузла и Бања Лука за локална употреба или криумчарење во Хрватска или Србија, на пример преку Биелина. Во оваа точка, цената на големо на еден килограм хероин се проценува на околу 20.000 евра. Затоа, вреди речиси двојно повеќе во Западен Балкан отколку во Турција. Цената повторно се удвојува откако ќе се продаде во Европската Унија.

Пример за тоа како регионот се користи како дистрибутивен центар е прикажан со заплена на 77 килограми хероин во близина на градот Младеновац на периферијата на Белград во ноември 2019 година. Шефот на криминална група бил обвинет за увоз на хероин со висока чистота од Турција и криење во специјално дизајнирани буриња кои биле закопани во земјата. Тој наводно ја продавал дрогата на други криминални групи и дистрибутери во Србија.

Запленитe на дрога најчесто откриваат хероин што е спакуван во „цигли“, често со карактеристично обележување и етикети коишто ја покажуваат тежината и чистотата.




**СЛИКА 12** Цена на килограм хероин во избрани жаришта.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Постојат и извештаи за увоз на опиум во Албанија. Лаборатории за хероин биле откриени во Кројско Поле во 2014 година и Хас во 2018 година, каде што бил вклучен хемичар од Турција.[86] Исто така, можно е да има лаборатории околу Елбасан и Кукуш, кои се релативно близу до граничните премини. Производство на хероин во земјата од увезен опиум создава многу поголем профит отколку препродажба на увезен хероин.[87]

Покрај тоа, полицијата забележала во изминатите две години и пораст на количината на хероин што пристигнува по море од Турција во мали туристички чамци и јахти. Хероинот понекогаш се разменува за канабис.[88] Оттаму, покрај протокот на опиум и хероин во насока исток-запад, има и проток во насока запад-исток. Елбасан е клучен центар бидејќи е на главната рута помеѓу албанскиот брег и Грција и Северна Македонија. Нови Пазар е уште едно жариште.

И покрај значителните количини на хероин што транзитира низ регионот, се добива впечаток дека локалната потрошувачка не е на високо ниво.[89] Навистина, иако има одреден протекување на локалните пазари, се чини дека употребата на хероин се намалува. Во текот на раните 2000-ти години, процентот на корисници на опиоиди во ЗБ6 беше поголем од глобалниот просек.[90] Најновите процени покажуваат дека повеќето луѓе кои влегуваат во установи за третман на дроги користат хероин или други опијати.[91] И покрај тоа што има малку официјални информации за чистотата на хероинот, анегдотските докази од улицата, како и извештаите на полицијата за заплените укажуваат дека дрогата што доаѓа до локалните корисници е неквалитетна, додека дрогата наменета за препродажба е со висок квалитет. Ова го потврдува впечатокот дека Западен Балкан е повеќе транзитен регион отколку голем пазар.[92] Слика 12 покажува како големопродажната вредност на еден килограм хероин се зголемува за околу 2.000 евра со секоја граница што ја преминува.

И покрај зголемувањето на цените на големо со секоја помината граница, малопродажните цени на тие локации не се зголемуваат соодветно. Податоците за цените на мало укажуваат дека откако хероинот ќе влезе во Северна Македонија, единствената вистинска маржа е помеѓу Северна Македонија и нејзините соседи; после тоа, цената на еден грам хероин на улиците во регионот е прилично стабилна, околу 20 евра. Ова укажува на стабилна состојба на снабдување со релативно мала побарувачка.




**СЛИКА 13** Цена на грам хероин во избрани жаришта.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

**СЛИКА 14** Текови на канабис и хероин низ Западен Балкан.

ЗАБЕЛЕШКА: Канабисот, што се произведува во регионот, се транспортира во сите правци. Хероинот, што пристигнува од Турција преку Бугарија, главно се движи во правец североисток. Вреди да се забележи дека во многу случаи канабисот и хероинот следат слични рути.

# Кокаин

Додека криминалните групи од Западен Балкан се главните играчи во глобалниот бизнис со кокаин, информациите од заплените на полицијата укажуваат дека има релативно малку кокаин во Западен Балкан. Во 2019 година, полицијата во ЗБ6 запленила 255,4 килограми кокаин, за третина помалку отколку во 2018 година. Најголемиот дел од кокаинот бил запленет во Албанија (види Слика 15). Ова може да изгледа контраинтуитивно, бидејќи групите од регионот станаа познати во бизнисот со кокаин во Западна Европа во текот на изминатата деценија.[93] Покрај тоа, се води крвава војна помеѓу две групи по потекло од Котор, Црна Гора, за контрола врз пазарот на кокаин.[94] Но, бидејќи овие групи веќе имаат доминантна позиција во текот на синџирот на снабдување од изворот во Латинска Америка до големите пазари во Западна Европа, има малку потреба да се направи заобиколен пат низ Западен Балкан, освен да се снабдат малите, но растечки локални пазари.

И покрај тоа, постојат докази што укажуваат дека јадранските пристаништа во Албанија и Црна Гора (како Драч и Бар) се користат за увоз на големи пратки кокаин - обично скриени во пратки овошје или животински кожи од Латинска Америка.

Дрогите обично се чуваат пред да се исечат со други супстанции и да се поделат во помали количини од по три до 10 килограми. Потоа се дистрибуираат низ цела Европа, претежно во автомобили и камиони со специјални скриени оддели.

Главна влезна точка за кокаинот е пристаништето Бар во Црна Гора. Оттаму, дрогата обично се движи кон север кон Никшиќ, а потоа влегува во Босна и Херцеговина околу Требиње/Билеќа. Потоа, се транспортира на север до Мостар и Сараево и евентуално во Хрватска. До овој момент, цената на големо за килограм е 35.000 – 38.000 евра.

Алтернативно, дрогата се транспортира од Подгорица до Рожаје, а потоа или на север во Нови Пазар во Србија или на исток на Косово преку Пеќ. Оттаму, кокаинот може да се носи кон големите градови во регионот за локална потрошувачка; големопродажната цена на еден килограм кокаин во Белград е помеѓу 35.000 и 50.000 евра. Може да се пренесува и на исток кон Турција и Бугарија - често во замена за хероин - или на север кон Унгарија и во Австрија и Германија.




**СЛИКА 15** Заплени на кокаин во Западен Балкан во 2018 и 2019 година.

ИЗВОР: Податоци собрани од годишни полициски извештаи на Западен Балкан.[95]







**СЛИКА 16** Однос на квалитетот и цената на еден грам кокаин на избрани локации.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Кокаинот што влегува во Албанија најчесто доаѓа преку пристаништето Драч. Се проценува дека цената на килограм приближно 90 % чист кокаин при испорака е помеѓу 25.000 и 30.000 евра. Оттаму, може да се движи на север кон Подгорица по истите рути за нелегална трговија опишани погоре или да се транспортира на исток во Северна Македонија, а потоа по рутите што се користат за криумчарење други видови дрога. Во 2015 година била откриена лабораторија за кокаин во селото Џибрака во општина Елбасан, којашто испраќала облека во Германија, импрегнирана со кокаин.[96]

Бидејќи најголемиот дел од кокаинот влегува во регионот преку Албанија и Црна Гора, не е изненадувачки што највисоката чистота, а со тоа и најскапиот кокаин се наоѓа во Тирана и Подгорица. Слика 16 ги прикажува Тирана и Подгорица во споредба со другите регионални жаришта за потрошувачка засновани врз цената и квалитетот на дрогата на распределено ниво. Собирањето на сообносот квалитет/цена од десната страна покажува дека купувачот добива подобра вредност за парите во Ниш или Нови Пазар во споредба со Белград или Струмица.

Друга рута кон регионот е од Бугарија кон Северна Македонија на преминот Деве Баир - Ѓуешево, кон Куманово и од таму или на север во Србија или северо-западно кон Косово.

Инцидент од висок профил покажува дека кокаинот исто така влегува во Западен Балкан од Романија. Во март 2019 година, романската полиција открила пакет со 1 килограм кокаин, за кој изгледало дека паднал од комбе. Следејќи ја оваа трага, тие запленили околу 1,8 тони 90 % чист кокаин завиткан во балони во превртен брод на црноморскиот брег околу делтата на Дунав.[97] Проценетата вредност на запленетиот кокаин е 600 милиони евра,[98] но можел да има многу повисока улична вредност (можеби дури два до три пати поголема) по сечење и продавање на улиците. За да направиме споредба, целиот буџет на градот Белград во 2019 година бил малку над 1 милијарда евра. Романската полиција уапсила две лица, двајцата возачи на камиони од Врање. Истрагата покажала дека кокаинот (со потекло од Бразил), преку Турција по морски пат влегол во Романија и требало да стигне до Србија по патен сообраќај,[99] каде што потоа би бил дистрибуиран на пазарите во Западна Европа, пред сè во Белгија, Холандија и Шпанија.[100]

Интересно е да се напомене дека околу Прешево (каде што кокаин влегува од различни насоки) еден килограм кокаин чини од 40.000 до 50.000 евра. Исто така, се чини дека има линија на снабдување од Белград до Северна Митровица преку Чачак. Ова е релативно незгодна рута, како што се гледа од фактот дека цената на големо на еден тон кокаин се проценува дека е од 45.000 до 50.000 евра за килограм.

Дел од кокаинот што влегува во Северна Македонија од Бугарија, Албанија или Косово, се носи на југ кон Грција. Цената на еден килограм кокаин во Струмица (на патот кон Солун) е од 45.000 до 50.000 евра. Кокаинот, исто така, се чини дека патува во спротивна насока. На крајот на јануари 2021 година, Албанец, Хрват и грчки државјанин роден во Албанија биле уапсени во Солун по запленатa на 324 килограми кокаин. Од 2018 година имало четири случаи во кои бил откриен кокаин во пристаништето Пиреј, наменето за Албанија.[101]

Во минатото, се создавало впечаток дека иако имало многу канабис и хероин што транзитираат низ Западен Балкан, самиот регион немал проблем со кокаин. Овој став се чини дека е потврден од многу ниските нивоа на заплени на кокаин. Сепак, кокаинот очигледно станува позастапен на некои пазари, особено во урбаните центри како Белград, Ниш, Подгорица, Сараево, Скопје и Тирана, како и во крајбрежните одморалишта. Дел од кокаинот може да останува во регионот како исплата во натура за пратки што минуваат низ регионот или како плаќање до регионалните криминални групи. Но сепак, како и со хероинот, квалитетот на консумираниот кокаин во регионот се чини дека е далеку инфериорен во однос на оној на дрогата што ја минува регионот (со исклучок на Тирана и Подгорица, како што беше забележано претходно). Како е дискутирано во третиот дел од овој извештај, профитот од трговија со кокаин што се пере во регионот влијае на политичката економија на некои од земјите на ЗБ6.

# Синтетички дроги

Западен Балкан често се означува како транзитен регион за трговија со дрога, како на пример канабис, кокаин и хероин. Но, постојат знаци дека регионот е исто така и извор на производство на синтетички дроги, како и растечки пазар на потрошувачи.

Главните синтетички дроги што се криумчарат во Западен Балкан се амфетамини, метамфетамин и екстази (МДМА), како и нови синтетички верзии на канабис и опиоиди како хероин. Главниот извор на дрогите се земјите во Западна Европа, особено Холандија, Белгија, Чешка и Бугарија.[102] Во Србија, исто така, постои растечка тенденција за увоз на синтетички дроги од балтичките земји[103] и Евроазија, вклучувајќи ги Авганистан, Иран, Киргистан, Пакистан и Узбекистан.[104] Во Северна Македонија има дури извештаи дека некои синтетички дроги се добиваат од Кина.[105]

Покрај тоа, се чини дека локалното производство се зголемува, особено во Северна Македонија и Србија. Помеѓу 2009 и 2019 година, полицијата во Србија открила над 140 лаборатории за нелегални дроги, претежно во станбени простории.[106] Повеќето од главните лаборатории во Србија се во белградските предградија или во Ниш.[107]

Едно од најголемите откритија било во 2003 година во малиот град Стара Пазова, Војводина, каде полицијата открила околу 2 милиони таблети екстази, проценети на над 4 милиони евра, како и приближно 20 тони киселина за производство на екстази, за која се проценува дека вреди над 10 милиони евра. Досега се осудени само 245 лица, што е просечно помалку од две лица за секоја од 140-те откриени нелегални лаборатории.[108] Ова укажува дека полицијата ги фаќа само „готвачите“, а не сите што се вклучени во мрежите за производство и дистрибуција. Со тоа, обемот на запленети синтетички дроги во Србија се зголемил од 25 килограми во 2011 година на повеќе од 170 килограми во 2020 година.

Во 2020 година, повеќето заплени на синтетички дроги во Србија се извршиле во Белград и Нови Сад или близу до границата со Унгарија, на пример на граничниот премин Хоргош-Реске. Заплени исто така се извршиле и во Крагуевац и Бор.[109] Дополнително, постојат анегдотски докази дека синтетичките дроги произведени во Србија се криумчари во Република Српска и северно Косово.




**СЛИКА 17** Заплени на синтетички дроги во Србија, 2011–2020 година.

ИЗВОР: Српско Министерство за внатрешни работи.[110]




**СЛИКА 18** Цена на една таблета Екстази во избрани градови.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Производството не е ограничено на Србија. Во декември 2017 година, полицијата открила нелегални лаборатории за дрога во селото Батинци и во дом во близина на Тетово во Северна Македонија. Тие запленила околу 910000 таблети Каптагон, 52 килограми чист амфетамин и големи количини на супстанции што се користат за производство на наркотици. Главниот осомничен, Милан Зарубица, претходно бил осуден во врска со лабораторија во Стара Пазова, Србија.[111] Неколку месеци подоцна, македонската полиција пронајде друга лабораторија за синтетичка дрога. Лабораторија за дрога е откриена и во Зубни Поток во северно Косово, каде што полицијата запленила таблети, хемикалии и опрема.

Покрај трговијата и производството на синтетички дроги, се чини дека расте и локалниот потрошувачки пазар во многу земји од Западен Балкан.[112] Во Србија се појавуваат нови психоактивни супстанции – претежно синтетички канабиноиди – коишто имитираат традиционални нелегални дроги како канабис, кокаин, МДМА или ЛСД. И покрај тоа, екстази и спид се најчесто користени синтетички дроги.

*Покрај трговијата со и производството на синтетички дроги, расте потрошувачкиот пазар во многу земји од ЗБ6.*

Во Србија и Северна Македонија, цените на синтетичките дроги се релативно ниски, што е главен фактор во зголемувањето на нивниот удел на пазарот во споредба со растителните дроги.[113] За околу 25 евра, можно е да се купат пет таблети Екстази.[114] Со некои исклучоци, малопродажните цени на таблета Екстази или на грам амфетамини (честопати се нарекуваат спид) се релативно стабилни низ целиот регион. Исклучок е Албанија, каде што цените се двојно повисоки од просечните регионални цени, главно заради ниска побарувачка.[115]




**СЛИКА 19** Цена на грам амфетамини во избрани градови.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

Сликите 18 и 19 ја прикажуваат цената на една таблета Екстази и еден грам „спид“ во избраните градови во регионот. Со регионална средна вредност од 8 евра за пилула, цените во регионот не се разликуваат значително според локацијата, кои се движат од најниската од 7,50 евра во Белград до највисоката од 9 евра во Скопје. Слично на Екстази, нема значителна варијација во регионалните цени за еден грам спид; сите се близу до регионалната средна вредност од 9,50 евра.

Меѓутоа, постојат и супстанции како амфетаминот Тучиби (2C-B) што е познат како „елитна дрога“ заради неговата висока цена и силните психоделични ефекти. Дрогата обично се продава на црниот пазар во форма на апчиња или капсули, но може да се меша и со екстази.[116] Во 2019 година, полицијата во Ниш уапсила лице што поседувало речиси 175 грама Тучиби.[117]

Синтетичките дроги се лесно достапни, особено во големите градови,[118] и се дел од клупската сцена и местата што ги посетуваат туристите. Нивната достапност е олеснета и од фактот дека тие можат да се нарачаат преку интернет и да се достават по пошта.

Не е јасно како КОВИД-19 влијае на пазарот на синтетички дроги во Западен Балкан, но постои чувство дека пазарот е релативно отпорен, при што некои синтетички дроги се користат како замена за хероин.[119] Дополнително, корисниците се свртуваат кон интернет за пристап до добавувачи бидејќи не можат да се сретнат со дилери во клубови или на фестивали како во минатото.[120]

## Жаришта

И покрај тоа што од страна може да се види мапата што ги прикажува главните патишта за трговија со дрога низ Западен Балкан, вреди да се потенцираат клучните жаришта на трговијата со дрога со цел да се разберат локалните рути и динамиката. Многу од овие места биле идентификувани во извештајот од јануари 2019 година за Жариштата на организираниот криминал во Западен Балкан.[121] Она што е различно кај овие мапи е начинот на кој тие ја покажуваат врската на клучните јазли едни со други. Најчесто, еден мал град или голем град има соодветен партнер од другата страна на границата. На тромеѓата каде што се среќаваат три граници, често постои и триаголен однос помеѓу жариштата. Овие градови создаваат оска на транснационални трансакции, коишто заедно формираат врски во синџирот на вредности што се протега низ целиот регион.

**СЛИКА 20** Жаришта за криумчарење дрога во Западен Балкан.

ИЗВОР: Интервјуа спроведени од национални експерти од ГИ-ТОК во четвртиот квартал од 2020 година.

## Кукуш–Призрен–Тетово

Коридорот помеѓу Кукуш и Призрен е клучна оска за криумчарење канабис на исток и хероин на запад. За групите од Призрен се тврди дека имаат добри врски со дистрибутерите во Турција. Употребата на дрога во Призрен наводно е во пораст, особено кај младите луѓе. Дрогите од Тетово преминуваат во Албанија и обратно.

## Пеќ–Рожаје–Нови Пазар

Пеќ во западно Косово се наоѓа на најголемиот проток на дрога (како хероин и канабис) што се движи од исток кон запад, и од запад кон исток (особено кокаин и канабис). Постојат извештаи и за одгледување канабис околу Пеќ. Рожаје е мал град во североисточна Црна Гора (околу 23 000 жители) близу до границата со Косово и Србија. Повеќето од населението се муслимани (Бошњаци).
Се наоѓа на патот и кон Пеќ (47 километри на исток) и кон Нови Пазар (62 километри северно). Се смета за клучен центар за складирање и транзит на хероин. Нови Пазар се наоѓа во југозападна Србија, близу до Црна Гора, Косово и Босна и Херцеговина. Поради неговата локација, градот со мнозинство Бошњаци,што страда од неразвиеност, традиционално е центар за легална и нелегална трговија. Во 90-тите и раните 2000-ти градот се сметал за една од главните области за складирање и дистрибуција на хероин во Европа. Додека со хероинот и канабисот сè уште се тргува преку Нови Пазар, се наведува дека обемот е помал отколку во минатото. Како и да е, кон крајот на декември 2020 година во градот се случиле голем број насилни инциденти.

## Никшиќ–Требиње

Никшиќ е индустриски град во северозападна Црна Гора. Тоа е втор по големина град во земјата, сместен помеѓу Подгорица и патиштата што водат северно кон Босна и Херцеговина, како и кон Требиње, кое е на нешто повеќе од еден час (68 километри) источно, а потоа и Дубровник. Никшиќ е дом на голем број моќни криминални групи поврзани со криумчарење дрога и цигари. Требиње е близу до границите на Црна Гора и Хрватска и се смета за центар за трговија со канабис (домашен и сканк), кокаин и хероин.
И покрај малата големина (околу 30 000 жители), градот се смета за еден од најголемите транзитни центри за дрога во цела Босна и Херцеговина.

## Бања Лука–Приједор

Бања Лука и Приједор се клучни транзитни точки за криумчарење дрога (особено канабис) од Босна и Херцеговина или на север или на северозапад кон Хрватска. Има случаи на откривање објекти за одгледување канабис во регионот. Се смета дека некои од дрогите што доаѓаат во регионот (вклучувајќи кокаин) се исплата во натура за помош обезбедена од локални групи за транспорт на пратки од дрога. Исто така, постојат укажувања дека оружјето од регионот понекогаш се тргува за дрога. Во минатото, локалната полиција била поврзана со трговија со дрога и криминалното милје на двете локации.

## Тузла–Зворник–Биелина–Шабац–Сремска Митровица

Граничната област меѓу Србија и Република Српска во Босна и Херцеговина е жариште за криумчарење дрога, особено синтетички дроги, кокаин и хероин што доаѓаат од Србија и канабис што оди во друга насока. Канабис, наводно, се одгледува и во регионот околу Биелина. Биелина се смета за толку значаен центар што локално се нарекува „босански Белград“ за дрога. Некои дроги се во транзит, додека други се наменети за снабдување на локалните пазари. Постои значителен пазар за хероин и канабис во Тузла.

## Источна Северна Македонија

Истокот на Северна Македонија вклучува жаришта за дрога што доаѓа од Бугарија (хероин и синтетички дроги) од Благоевград кон Делчево и канабис во обратна насока, како и дрога (канабис и хероин) којашто се пренесува на југ преку Струмица кон Грција, како и кокаин во двата правци. Клучен јазол за двете рути е Велес бидејќи се наоѓа покрај патот што оди исток-запад и коридорот 10 што оди север-југ.

## Прешевска долина

Прешевската долина се наоѓа долж Коридорот 10 и во граничниот триаголник помеѓу Косово, Северна Македонија и Бугарија. Таа е идеална локација за трговија со дрога во сите правци. Канабисот доаѓа од Урошевац, честопати криумчарен во внатрешност на мебел што се испраќа во Западна Европа. Канабисот исто таа поминува од Гњилане преку граничниот премин Кормињан-Кончуљ до Бујановац. Дрога (претежно хероин) исто така доаѓа преку границата од

Северна Македонија. Градот Велики Трновац во близина на Бујановац е познат и како центар за дрога. Прешево и Бујановац се клучни центри, вклучително и за складирање на дроги. Врање се појави како центар за трговија со дрога каде што се знае дека работат неколку криминални групи, вклучително и со трговија со кокаин.

### Нишка област

Коридорот помеѓу Ниш и границата меѓу Србија и Бугарија е жариште за трговија со дрога. Канабисот се пренесува кон исток од Албанија и Косово, додека хероинот и синтетичката дрога влегуваат од Бугарија и одат на запад, како и хероинот и канабисот што доаѓаат од Северна Македонија. Додека Ниш е активен центар за нелегална трговија, постои и релативно голем локален пазар за сите видови дроги. Во Швајцарија се извршени голем број апсења на криумчари со потекло од Ниш.

### Белград

Белград е значаен пазар за канабис, хероин, кокаин и синтетички дроги, како и клучен центар за криумчарење дрога, благодарение на врската со клучните автопати што одат на север-југ и исток-запад. Повеќе од еден тон дрога од различни видови е запленет во Белград во 2019 година. Големи заплени се направени и во околината на Белград, на пример во Младеновац и Аранѓеловац, каде што дрогата се чувала и каде што била препакувана за транспорт.

## Бизнисот и актерите

Трговијата со дрога најчесто се извршува од групи кои се наоѓаат во соодветните жаришта. Групите обично ја контролираат територијата наместо одредена супстанција. Тие можат да криумчарат неколку видови дрога, па дури и да се занимаваат со поликриминална активност, вклучително и трговија со дрога за оружје и перење пари. Иако повеќето групи имаат локален фокус, тие често имаат добри врски со криминални групи во други жаришта, особено оние коишто се во близина на нивните извори на снабдување. Тие исто така може да имаат сојузи или деловни односи со најголемите криминални групи кои работат во рамките или надвор од Западен Балкан. И обратно, бидејќи повеќето дроги што се движат низ регионот се наменети за пазари подалеку, многу од криминалните групи во жариштата не се занимаваат со трговија со дрога на локалните пазари. Тоа се препушта на помали оператори.

Иако постои јасна меѓу-етничка соработка, на пример, помеѓу етничките албански групи во лакот од Албанија, Косово и Северна Македонија во Прешевската долина во јужна Србија, нема меѓуетнички конфликти помеѓу криминалните групи. Навистина, се чини дека постои добра соработка меѓу криминалните групи од широк спектар на етникуми во регионот: Албанци, Бошњаци, Македонци, Срби и Црногорци.

Трговија со дрога од размерот што се одвива во Западен Балкан е можна само во колузија со државните структури. Оваа „заштитена економија“ се движи од корумпирани гранични службеници кои се отсутни или подзамижуваат на клучните гранични премини, до полицијата што ги игнорира или дури се занимава со нелегална трговија. Таквата економија може да вклучува и политичари кои ги штитат клучните играчи за дел од бизнисот. Фактот дека има релативно малку заплени на дрога во регионот укажува одреден степен на небрежност или корупција кај органите за спроведување на законот. Како што забележа извор интервјуиран во Тузла, запрашан зошто се уапсени толку малку озлогласени криминалци, „тие однапред знаат за полициските рации“.[122] Фактот дека одредени места биле озлогласени жаришта со години, со малку дејствија од властите, укажува на фактот дека постојат моќни интереси коишто профитираат од статус кво состојбата. Како што рече едно интервјуирано лице во Нови Пазар, „сите знаат кој е вклучен во бизнисот, но локалните власти не прават ништо“.[123] Слични мислења биле искажани во интервјуа и во други жаришта, од Бања Лука до Сараево и од Елбасан до Пирот.

Обемот на деловната активност исто така укажува на висок степен на софистицираност и соработка со логистичките компании. Повеќето дроги се превезуваат во камиони, бродови или автобуси што работат за легални компании. Како што е забележано во овој извештај, големината на некои од овие товари бара значителен простор за складирање и капацитети за сечење и препакување на дрогите.

# Цени и употреба на дрога

Овој извештај досега главно обезбедуваше информации за големопродажните цени на дрогите што доаѓаат од или транзитираат низ ЗБ6. Сепак, анализа на малопродажната цена на дрогите на локалните пазари исто така обезбедува информации.

При собирање податоци и спроведување истражувања за овој извештај, лицето кое вршеше интервјуа разговараше со корисници на дрога, здравствени работници, граѓански организации и полициски службеници за употребата и цените на дрогата. Јасно е дека постојат разновидни модели на употреба на дрога во регионот, дури и помеѓу различни делови на истата земја - на пример, помеѓу урбани и рурални области или места каде што богати луѓе (вклучително и туристи), наместо сиромашни луѓе, се собираат и користат дроги. Постои и демографски фактор, имено поголема преваленца на употреба на дрога кај младите. Но сепак, се добива впечаток дека има недостаток на податоци за навиките за употреба на дрога во ЗБ6.[124] Една од причините може да биде заради прилично несочувствителните ставови кон корисниците на дрога во општеството. Одговор повеќе насочен кон здравствената заштита и поблиска соработка со граѓанското општество може да помогнат во дестигматизирање на употребата на дрога и овозможување на поефикасно собирање податоци и мерки за помош.

Додека овој извештај е фокусиран претежно на пазарите на дроги контролирани од организирани криминални групи и нелегалните економии што тие ги генерираат, повеќе грануларни податоци собрани на ниво на улица може да дадат некои индикации за страната на побарувачката на локалните пазари на дрога во регионот.

За секој вид на дрога, во извештајот се собрани податоци за малопродажната цена на грам. Иако податоците не се доволно сеопфатни за да дадат јасна слика за распространетоста и навиките на употреба на дрога во регионот, тие го нагласуваат постоењето на активен и динамичен пазар на потрошувачка, а страната на понудата може да реагира на промените на побарувачката, без оглед на нејзиното ниво и состав.

## Канабис

Огромното мнозинство потрошувачи ширум ЗБ6 купуваат канабис во количини кои се движат од 0,8 до 1,2 грама. Сепак, различни опции се исто така достапни на пазарите низ целиот регион. На пример, во Албанија, која е голема земја за производство на канабис, можно е да се купи еден џоинт на редовно одгледуван канабис на отворено за 4 или 5 евра или пакувања од два или три џоинти за 8 до 10 евра. Цените се слични во јужна Србија, Сараево и Тузла, но поевтини во Црна Гора каде што, на пример, на улиците во Подгорица или Никшиќ, можете да купите два џоинти за 5 евра.

На албанскиот пазар се нудат и различни производи добиени од канабис, како што се хашиш (приближно 7 евра за еден грам), масло од канабис (8 евра за еден литар) и восок од канабис (40 евра за еден грам).

Сканк (вид канабис особено богат со ТХЦ) е исто така достапен низ целиот регион со просечна цена приближно 50 % до 70 % повисока од канабисот кој се одгледува на отворено.

## Кокаин

Пазарот за потрошувачка на кокаин е релативно хомоген и постоењето помали специфични пазари во главните градови се чини дека е вообичаена шема во регионот. Во метрополите, кокаинот е достапен (и често пораспространет) во пакетчиња најчесто помали од конвенционалниот грам. Во Црна Гора, на пример, можете да купите половина грам кокаин за 40 - 45 евра. Во Косово, најпопуларната зделка е 0,6 грама која чини меѓу 55 – 60 евра. Слични опции се достапни во Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Во Албанија, исто така е можно да се најде крек кокаин (за пушење) по цена од околу 20 до 25 евра за 0,2 грама. Бидејќи неофицијалните извештаи за употреба на кокаин укажуваат дека потрошувачката во некои урбани центри во ЗБ6 е поголема од официјално пријавената, и бидејќи употребата на оваа дрога е често скриена и тешко се мери, можно е да постои простор за поголема анализа на отпадните води.

## Хероин

Како што е нагласено во целиот извештај, на ЗБ6 главно се гледа како на транзитен регион за влегување хероин во регионот од југоисток. Со исклучок на Северна Македонија, каде што хероинот е најевтин, еден грам се продава за приближно 17 до 20 евра низ целиот регион. Сепак, можат да се најдат и алтернативни зделки. На пример, во Митровица, хероинот се продава во пакетчиња од 0,25 грама за 5 евра. Слична динамика е забележана во Белград и Нови Сад, каде што 0,2 грама (т.н. „шот“) се продава за околу 7 – 8 евра. Во Црна Гора, најчестата зделка е таканаречената „половина“: половина грам за 5 - 10 евра, во зависност од квалитетот. Фактот дека хероинот се продава во такви количини погодни за потрошувачите укажува дека иако постои активен пазар, корисниците имаат релативно ограничени ресурси.

## Синтетички дроги

Локалните пазари на синтетички дроги се чинат многу динамични. Снабдувањето надвор од регионот се интегрира во локалното производство. Екстази и спид (амфетамин), се најчестите синтетички дроги во регионот, но локалните пазари нудат и разни други производи.

Метадонот е во голема мера достапен во Северна Македонија и неговата цена се движи од 1 до 15 евра за грам, во зависност од квалитетот.

Халуциногени дроги се исто така присутни на Балканот. ЛСД, на пример, се продава за околу 15 евра, додека три грама печурки од псилоцибин од западноевропските лаборатории може да се купат од 48 до 50 евра.

Од рутите за трговија со дрога опишани во овој извештај јасно е дека за целосно разбирање на нелегалните економии во Западен Балкан потребни се повеќе од разгледување на криминални пазари, групи и активности во шесте земји од регионот. Видното поле треба да се прошири за да ги вклучи Бугарија, Хрватска, Грција, Унгарија, Италија, Романија и Турција.

Овој дел се фокусира на цените на дрогите и рутите за трговија со дрога. Не е направен обид да се процени вредноста на пазарот на дрога во Западен Балкан или износот на пари што ги заработуваат криминалните групи од регионот коишто се занимаваат со профитабилни пазари на дрога ширум светот. Сепак, може слободно да се рече дека заработуваат милијарди евра, Тоа води кон прашањето, каде одат тие пари?
Тоа е фокусот на третиот дел од овој извештај.

# ПЕРЕЊЕ ПАРИ

**Зграда во Приштина, Косово.** *© Крис МекГрат/Гети Имиџис (Chris McGrath/Getty Images)*

Претходните делови дадоа индикација за парите генерирани од криумчарење мигранти и трговија со дрога преку избрани жаришта во Западен Балкан. Иако овие бројки се веќе значајни сами по себе, важно е да се има предвид дека пресметките се однесуваат на специфични жаришта и не даваат процена на целиот пазар. Покрај тоа, тие се засноваат на само две од многуте нелегални активности што создаваат приход, а коишто ги извршуваат криминални мрежи низ целиот регион. Како што беше прикажано во претходните извештаи, значителни количини пари се генерираат и преку трговија со фалсификувана стока, корупција и затајување данок (меѓу другите предикатни кривични дела).[125] Понатаму, криминалните групи од Западен Балкан не ги ограничуваат своите активности во Западен Балкан.[126] Всушност, се претпоставува дека тие генерираат голем процент од профитот надвор од регионот.

Важно е да се напомене дека големината на пазарот на криумчарење мигранти во регионот, за којашто се проценуваше дека во првиот дел е помеѓу 33,7 и 50,6 милиони евра во 2020 година, не е профит генериран од организирани криминални групи. Всушност, трошоците за операции на организиран криминал се значителни, вклучувајќи ги и суровините за производство на дрога; работници да одгледуваат канабис; локални дистрибутивни мрежи; трошоци за превоз; и плаќања за членови на групата, за обезбедување и за мито. Меѓутоа, има малку достапни веродостојни податоци за маржите на профит на криминални активности. Додека трговијата со канабис и криумчарењето со мигранти се, наводно, на долниот дел од спектарот на профит, трговијата со кокаин - каде што се постигнуваат маргини до 20.000 евра за килограм - обезбедува големи можности за реинвестирање и корупција.[127]

И покрај значителните оперативни трошоци, организираниот криминал и нелегалната трговија со легитимна и недозволена стока несомнено генерираат милијарди евра секоја година во нелегални глобални финансиски текови што се канализираат во странство, се перат во локалните економии или се реинвестираат во други криминални активности.[128] На пример, се тврди дека приходите генерирани од криумчарење на канабис во Албанија биле реинвестирани во посилни дроги, како што е кокаин, што им овозможило на криминалните групи да стекнат значителен удел на пазарот на дрога во Западна Европа и да остварат поголем профит. Исто така е широко прифатено дека приходите од трговија со дрога поткрепуваат други кривични дела, како што се криумчарење огнено оружје и трговија со луѓе.[129]

*Перењето пари често е резултат на сериозни кривични дела што создаваат профит во кои криминалецот треба да ја прекине врската со кривичното дело за да ги сокрие приходите.*

Перењето пари често е резултат на сериозни кривични дела што создаваат профит во кои криминалецот треба да ја прекине врската со првичното кривично дело за успешно да ги сокрие нелегалните приходи. Тоа е всушност „природната“ последица на делата насочени кон генерирање профит, бидејќи го опишува процесот со кој криминалците се обидуваат да го прикријат нелегалното потекло на профитот, да се дистанцираат од првичниот престап и да ги инјектираат средствата во економијата, така што тие се чини дека потекнуваат од легитимен извор и се сметаат за употребливи. Врската помеѓу првичната криминална активност и средствата е прекината, со што се зголемува безбедноста на криминалецот.[130]

Криминалците ги перат своите нелегални средства маскирајќи ги изворите, менувајќи ја нивната форма или преместувајќи ги на место каде што имаат помала веројатност да привлечат внимание.[131] Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) процени дека перењето пари сочинува приближно 2,7 % од глобалниот БДП или 1,6 трилиони американски долари.[132] Другите процени, особено од страна на ММФ, упатуваат на околу 2 % до 5 % од глобалниот БДП.[133] Иако не е можно (ниту е целта на ова поглавје) да се постави конкретен број за тоа колку нелегални пари генерирани во Западен Балкан и во странство се перат во регионот, ако овие глобални проценти се применат на ЗБ6, проценатa се движи помеѓу 1,8 и 4,6 милијарди евра годишно перени пари.[134] Овие бројки се неверојатни, особено ако се прави споредба: на пример, во 2021 година, буџетите на министерствата за внатрешни работи на Северна Македонија и Албанија изнесуваат 168 милиони евра;[135] косовските полициски сили имаат на располагање само 87 милиони евра.[136]

Имајќи предвид дека методите и техниките што ги користат криминалните актери постојано се менуваат и се прилагодуваат на новите околности, овој дел дава преглед на начинот на перење пари генерирани од организираниот криминал во Западен Балкан. Важно е да се напомене дека парите генерирани нелегално во ЗБ6 може да се перат локално или да се префрлат на сметки во странство. Покрај тоа, парите заработени нелегално надвор од регионот од криминални групи од Западен Балкан често се перат надвор од регионот, на пример на пазарот каде што се генерирани или во Персискиот Залив. Со сегашните расположливи податоци, не е можно да се процени колку пари се насочуваат надвор од регионот на сметки во странство и колку остануваат и/или евентуално дури се враќаат во регионот.

Овој дел е структуриран според количините на пари што треба да се исперат и соодветните методи што се користат за нивно интегрирање во легалната економија. Прво, ги разгледуваме техниките за перење пари што ги користат криминални актери со помала маржа на профит или дистрибутери и олеснувачи на пониско ниво за кои се потребни релативно брзи процеси на перење пари, бидејќи големи суми пари се користат за набавка на нови дроги или за покривање на трошоците на претходно акумулирани долгови. Некои од најчестите методи вклучуваат перење преку деловни активности кои интензивно користат готовина, коцка и банкарскиот систем.

Во вториот дел, разгледуваме шеми коишто им овозможуваат на криминалците да кријат поголеми количини пари, вклучително и преку употреба на компании за увоз-извоз, како и инвестиции во луксузни предмети и недвижнини. Важно е да се има предвид дека многу од методите се преклопуваат; криминалните актери можат да користат неколку различни методи за да ги постават во слоеви и интегрираат своите недозволени приходи. Исто како и во другите делови на светот, перењето пари стана клучна индустрија во Западен Балкан, којашто обезбедува различни опции за да „исчезнат“ недозволени средства. Како што е прикажано подолу, оваа индустрија стана пософистицирана, особено во избраните жаришта низ целиот регион.

# Корупција и мито

Корупцијата и митото честопати се сметаат како дел од главните или фиксни трошоци за водење на организирана криминална организација. Тие се клучен трошок за одржување на бизнисот во развој. Всушност, извештаите од терен обезбедуваат увид во степенот до кој се исплаќа мито и за основното дело и/или за последователната активност за перење пари. На пример, интервјуата направени околу областа Ѓирокастро, Албанија, укажуваат дека многу од надоместоците за криумчарење платени од мигранти вклучуваат квота за мито на високи гранични службеници.[137] Актерите од граѓанското општество низ целиот регион, исто така, објаснија дека поткупувања високи функционери се вообичаена практика со цел да се добијат градежни дозволи.[138] Според Фондацијата Отворено општество, Западен Балкан троши просечно 7 милијарди евра годишно за јавни набавки, од кои 2 милијарди евра (приближно 30 %) исчезнуваат заради корупција.[139] Во оваа смисла, корупцијата и перењето пари се олеснуваат и зајакнуваат едно со друго.

Приходите од корупција мора да се исперат во формалната економија за да изгледаат легитимни - исто како и приходите од организиран криминал. Всушност, многу од методите што ќе бидат опишани во ова поглавје се користат и за пошироко перење пари од корупција и затајување данок. Готовината што се дава на корумпирани службеници обично е надвор од каква било официјална евиденција и може лесно да се потроши, да се депонира на банкарски сметки и/или да се пренесе во странство на странски сметки.

Конечно, корупцијата може да се сфати и како метод на перење пари сама по себе, на пример кога е поврзана со финансирањето политички партии, коешто е слабо регулирано и слабо се следи низ целиот регион.[140] Навистина, низ целиот Западен Балкан, политичките партии и субјекти добија (и продолжуваат да добиваат) финансиска поддршка за време на изборните кампањи. На пример, истрагите против криминалниот шеф Насер Калменди откриле значителни донации за владејачката партија во Црна Гора, коишто не биле запишани во официјалните извештаи.[141] Во Косово, поранешен вработен во Мисијата на ЕУ за владеење на правото на Косово (ЕУЛЕКС) изјави дека политичките партии ги кријат своите финансии и трошат многу повеќе на избори отколку пријавените приходи.[142] Во Северна Македонија, поранешниот претседател Никола Груевски и членовите на неговата партија се под истрага за нелегално финансирање кампања и перење пари.[143] Слична е ситуацијата и во Србија, каде Управата за спречување на перење пари утврди дека на Српската напредна странка и биле донирани вкупно 5,4 милиони динари (околу 45 700 евра) без образложение за потеклото на парите; како и да е, предистражната постапка, започната во 2017 година од канцеларијата на јавните обвинители врз основа на барање на Агенцијата за борба против корупција, сè уште трае.[144] Во Албанија, било пријавено местење на гласови за време на локалните избори во Општина Дибра во 2016 година, како и за време на парламентарните избори во Драч, Каваја и Лежа во 2017 година.[145] Активностите наводно вклучувале заговори со криминални групи за купување гласови, заплашување на наставници и други вработени во јавната администрација за да гласаат за партиски кандидати и полициско мешање со потенцијалните гласачи на опозицијата.[146] Ова се само неколку примери, но, со оглед на занемарувањето на оваа тема во повеќето општества низ регионот, постои веројатност дека феноменот е во голема мера недоволно пријавен.[147]

# Перење помали износи

Голем дел од економската активност во Западен Балкан се одвива во неформалната економија. Според различните извештаи подготвени од Европската комисија, неформалноста во Западен Балкан опфаќа помеѓу најмалку 25 % и 33 % од БДП. Како што претходно беше забележано во поглавјето за криумчарење мигранти, неформалните трансакции честопати се вршат во готово или преку неформални механизми за трансфер, како што се системот „хавала“ или компаниите за трансфер на пари. Иако банкарскиот сектор добро функционира во Западен Балкан, повеќето дневни трансакции продолжуваат да се вршат во готово.

| Земја | Процент на неформалност |
|---|---|
| Албанија | ≥ 33,3 % од БДП |
| Босна и Херцеговина | 25 – 35 % од БДП |
| Косово | ± 30 % од БДП |
| Црна Гора | ± 24,5 % од БДП |
| Северна Македонија | 20 - 40 % од БДП |
| Србија | ± 27 % од БДП |

**СЛИКА 21** Неформална економија во Западен Балкан.

ИЗВОР: Различни процени од Европската комисија.[148]

Иако многу од овие исплати се сами по себе неформални и не се незаконски, тоа обезбедува попустливо опкружување за криминалните актери да префрлаат нелегални средства (особено помали износи) во формалната економија без многу надзор. Исто така, обезбедува ликвидност на финансискиот систем и лесни пари за оние кои инаку би се бореле да добијат средства во формалната економија.

Според информациите добиени од полицијата низ целиот регион, многу организирани криминални групи немаат значителни финансиски резерви. Особено ако делото генерира само мали износи пари, нема многу потреба да се вклучува во тешкиот и скап процес на маскирање на потеклото на тие средства. Мали количини честопати можат лесно да се префрлаат преку границите и да се користат без да се предизвика премногу сомнеж.[149] На пример, како што е прикажано во делот за криумчарење мигранти, малите помагатели честопати ги стават во џеб стотиците (или најмногу неколку илјади) евра што ги заработуваат за лична употреба. Ова го потврдиле и експерти за перење пари во Северна Македонија кои објасниа дека луѓето кои се занимаваат со криумчарење мигранти „честопати средствата што ги добиваат ги стават во финансискиот систем преку уплата на готовина на банкарски сметки и кредитни картички. Овие средства подоцна се користат за отплата на рати на кредити, купување возила и недвижен имот.“[150]

*Мали количини нелегални средства честопати можат лесно да се префрлаат преку границите и да се користат без да се предизвика премногу сомнеж.*

Овие примери, исто така, даваат увид во ограниченото влијание на извештаите за сомнителни трансакции (STRs). Многу земји во Западен Балкан сакаат да користат STR за да ги покажат своите напори да ги идентификуваат нелегалните средства и да го намалат перењето пари. Всушност, тие работат на зголемување на стапките на поднесување STR што ги пријавуваат одделни институции и што ги доставуваат до Генералната управа за спречување перење пари во секоја земја. На пример, Албанија го зголеми годишното известување од 1 319 STR во 2015 година на 1 424 во 2019 година,[151] додека српската Управа за спречување на перење пари објави повеќе од 2 000 STR само во 2019 година.[152] Во повеќето случаи, минималниот праг за пријава на сомнителна активност е 10.000евра , но испратените извештаи и барања честопати се широки и имаат мала оперативна вредност.[153]

## Системот хавала

Не постои универзална дефиниција за тоа што точно претставува услуга за трансфер на пари хавала. Всушност, хавала може да се однесува на многу видови на неформални системи за трансфер на пари коишто не вклучуваат физички трансфер на готовина.[154] Вообичаено, клиентите користат посредници со седиште во нивните локации за испраќање и примање пари, при што испраќачите плаќаат мала провизија, а примателите понекогаш користат лозинка за користење на средствата. Традиционалните мрежи на хавала се засноваат на систем на доверба и чест, што значи дека тие можат да функционираат во области каде што нема функционален банкарски систем.[155]

Во Западен Балкан, системот хавала најчесто се споменува за неговата важност во олеснувањето на перење пари од ниско до средно ниво меѓу членови на криминални групи кои се занимаваат со трговија со дрога и криумчарење мигранти. На пример, мигрантите кои го преминуваат регионот изјавија дека плаќаат за делови од нивното патување однапред во Турција и Грција, со депонирање пари кај хавала оператор кој ги ослободува парите само по нивното безбедно пристигнување.[156] Но, исто така се користи од поголемите криминални мрежи, како што било откриено во септември 2020 година за време на истрагата на Европол. Истрагата покажа дека албанска криминална група користела алтернативен систем за подземни дознаки од кинеско потекло, сличен на хавала, за трансфер на нивните средства.[157]

Системот хавала нуди неколку предности, вклучувајќи ги конкурентните цени на системот, брзи трансфери на пари и соодветност на специфични културни контексти, како и намерно прикривање на приходите од криминал и одбегнување контроли на валути, санкции и даноци. Интересно, иако неговото потекло лежи во арапските заедници, тоа не е ограничено само на земјите со муслиманско мнозинство население во Западен Балкан.

Покрај тоа, системот исто така може да се поврзе со други домашни банкарски услуги, вклучително и брз трансфер на пари. На пример, на почетокот на 2021 година, еден политичар во Босна и Херцеговина објавил статистика (и започнал официјална истрага) за трансферите на пари преку Western Union. Документите покажуваат дека помеѓу 2018 и 2020 година, повеќе од 5,8 милиони босански конвертибилни марки (околу 2,9 милиони евра) биле пренесени преку Western Union на мигранти во Босна и Херцеговина, иако повеќето од нив немале никакви формални документи за идентификација.[158]

Теренското истражување спроведено за овој извештај откри неколку креативни примери за тоа како овој праг на известување експлицитно се заобиколува. На пример, криминална група од Рожаје, Црна Гора била обвинета за уфрлање на повеќе од 7 милиони евра во мали транши во финансискиот систем од 2005 до 2011 година.[159] Иако биле официјално невработени, членовите на групата сами отвориле неколку компании или ги користеле компаниите на нивните блиски роднини за редовно да префрлаат пари заработени преку трговија со дрога.[160] На сличен начин, албанската Генерална управа за спречување на перење пари во својот годишен извештај за 2019 година навела дека биле забележани неколку сомнителни банкарски трансфери во кои биле вклучени странски субјекти или лица со претходни криминални досиеја, направени во земји со висок ризик.[161] Според експертите, вообичаено е криминалните групи да пристапуваат на бизниси активни во ЕУ, да ги плаќаат во готово и потоа да ги „повлекуваат“ парите дома.[162]

Овие примери покажуваат како готовината што се генерира во одредена земја од Западен Балкан лесно може да се потроши локално. Девизите генерирани во Западна Европа и Грција, од друга страна, редовно се пренесуваат преку границите, скриени во специјалните оддели на автомобили и камиони. На пример, возач на камион интервјуиран во Шпанија објаснил дека куририте за готовина патуваат до регионот и назад, секој пат носејќи не повеќе од 10.000 евра за да не бидат сомнителни.[163] Со слаба контрола на контролните пунктови - многу од нив без екипаж - криумчарењето готовина носи малку ризици.[164]

Сепак, странските валути честопати се од ограничена употреба ако локалното работење се спроведува во српски динари, македонски денари, албански леки или босански конвертибилни марки - една од можните причини заради кои е можно бројот на менувачници да се зголемува низ целиот регион. Во 2018 година, само во Албанија се регистрирани 58 нови менувачници.[165] Криминалните групи што биле во можност да основаат бизниси кои прифаќаат евра (како на пример во туристички дестинации) и оние во Косово или Црна Гора, каде што националната валута е и еврото, се чини дека овде имаат предност.

## Перење во бизниси со интензивна употреба на готовина

Перењето пари на помали количини недозволени приходи често започнува со употреба на бизниси коишто интензивно користат готовина, како ресторани, барови, бензински пумпи и такси-компании.[166] Тие се особено соодветни за перење помали износи на средства кои потоа се вклучени и во банкарскиот систем. Низ целиот регион, нелегалните средства се мешаат во бизниси што интензивно користат готовина со реалната заработка од водењето на бизнисот, со што се прават нераспознатливи едни од други. Од краток преглед на регионот добиваме неколку примери.

Членовите на организирани криминални групи активни во Црна Гора се пријавени дека поседуваат разни компании, вклучително клубови, ресторани, пекарници, кафулиња, хотели и продавници за сувенири, спортски клубови, компании што изнајмуваат и продаваат возила, бензински пумпи и такси-агенции регистрирани во Котор, Цетиње, Херцег Нови, Плевља и Подгорица. Тие честопати се забележани ликвидирани по неколку години работење, без да поднесат никаков вид финансиска евиденција или да пријават годишен приход помал од 100.000 евра. За еден член на кланот исто така се претпоставува дека води популарна услуга за дистрибуција на храна, за којашто постои сомневање дека се занимава со дистрибуција на дрога.[167]

*Такси-агенции се особено популарна алатка за перење пари во Западен Балкан.*

Такси-агенции се особено популарна алатка за перење пари во Западен Балкан. Со оглед на фактот што такси-возилата постојано се движат, невозможно е точно да се измери бројот на патници на месечно или годишно ниво: „Тие можат да пријават дека носеле повеќе или помалку патници отколку што навистина возеле, и соодветно ги плаќаат даноците, со што лесно ги перат своите пари.“[168] Од вкупно 160 000 бизниси регистрирани во Косово, повеќе од 11 000 се вклучени во „такси-бизнисот“.[169] Многу компании користат само нови скапи европски модели на автомобили. Во Босна и Херцеговина било објавено дека црногорски криминалци управуваат со такси-агенција во Мостар. Сопственикот на фирмата бил убиен во 2015 година во конфликтот помеѓу клановите Шкаљари и Кавач.[170]




Постојат многу различни видови бизниси коишто интензивно работат со готовина што се користи за перење пари низ целиот регион, вклучително (но не ограничувајќи се на:):

- Ресторани, пекарница, угостителски бизниси
- Барови и клубови
- Хотели и продавници за сувенири
- Бензински пумпи
- Такси компании
- Штандови за овошје/зеленчук
- Спортски клубови
- Компании коишто изнајмуваат и продаваат возила

**СЛИКА 22** Перење пари преку бизниси кои во најголема мера користат готовина.

Туристичката индустрија стана уште еден клучен сектор за перење пари преку инвестиции во барови, ресторани, дискотеки и хотели, особено на југот на Албанија и по црногорското приморје. Низ цела Србија, особено во Златибор, Кајетина, Копаоник, Палиќ, Врњачка Бања и Врање, објавено е дека пари се перат преку продажба на овошје и зеленчук (особено печурки) и употреба на угостителски бизниси.[171] Всушност, од 2018 година, набљудувачите забележуваат дека таквите бизниси редовно ги менуваат сопствениците, што обично е проследено со скок на прометот и заработката.[172]

Во Северна Македонија, овие легални паравани за перење пари се занимаваат со легитимни деловни активности како кафетерии, пицерии, ресторани, хотели и бензински пумпи. Заеднички именител за сите овие деловни активности е фактот дека тие користат плаќања во готовина.[173]

## Коцка

Коцкањето одамна е идентификувано како канал за перење пари во Западен Балкан. Иако сè уште се наоѓа на долниот дел од спектарот на перење пари, каде што средствата што треба да се исперат се релативно мали, размената на пари во казиното или обложувалницата може да биде доволно за воведување нелегални приходи во легалната економија.[174] Големиот обем на готовина и стапката на брз обрт го олеснуваат комбинирањето на валканите пари со чистите.

Постојат повеќе методи за перење пари преку коцкање. Најискрено е поединецот да влезе во казино, да купи чипови со недозволена готовина и потоа да игра некое време, по можност на игри со висока веројатност за добивка. Со ставување облози на секој можен исход, коцкарот ќе има еден или повеќе добивки. Кога наплаќаат чипови, тие ќе побараат чек или потврда за да можат да ги наведат приходите како добивка од коцка.[175]

Организирани криминални групи (или нивни соработници) поседуваат казина експлицитно за цели на перење пари. На пример, за членовите на клановите Кавач и Шкаљари се тврди[176] дека поседувале неколку лиценци за коцкање преку интернет[177] и слот-машини.[178] Покрај тоа, единствената компанија во Црна Гора што поседува официјална лиценца за организирање „игри на среќа на лотарија“ претходно била поврзана со организиран криминал.[179] Како сопственици, полесно им е да перат профит преку продавачите.

*Сè поголемиот број казина во Србија предизвика сериозна загриженост за ранливоста на индустријата на перење пари.*

Сè поголемиот број казина во Србија предизвика сериозна загриженост за ранливоста на индустријата на перење пари. Во 2012 година, сопственикот на „Макс Бет“ бил осуден за неправилно работење и организација на нелегално коцкање, што резултирало со одземање на неговиот имот вреден 350 милиони евра.[180] Сепак, пресудата била поништена во 2018 година и судот му ги вратил сите запленети средства.[181]

Сметките за обложување преку интернет, коишто бараат ограничена проверка на идентитетот, нудат други можности. Перачите на пари можат да отворат сметка, да направат неколку мали облози, а потоа да го подигнат остатокот во готовина. Со отворање десетици сметки трансакциите се одржуваат под прагот што би предизвикал STR. Во Србија, се претпоставува дека многу обложувалници се тесно поврзани со политички партии и навивачки групи, што може да биде причина за неколку тепачки во обложувалници во кои биле вклучени хулигани.[182]

Како што претходно беше објавено, и Албанија и Косово ги забранија повеќето облици коцкање на почетокот на 2019 година, вклучително и обложувалници, автомати и интернет страници, со цел да се ублажат штетите од коцкањето и да се борат против вклучеността на организираниот криминал во овој сектор.[183] Во Албанија, само на казината во луксузни хотели, бинго што се пренесува на телевизија и националната лотарија им било дозволено да продолжат со нивната работа. Покрај тоа, во септември 2020 година, албанската влада ја постави рамката за идните активности во казината, што ќе им овозможи на казината да работат во новите облакодери што во моментов се градат во центарот на Тирана.[184]

Северна Македонија, досега, не покажува намери да ги следи примерите на своите соседи и да го забрани коцкањето. Напротив, според податоците на македонското Министерство за финансии, повеќе од половина од приближно 40 лиценци што им се издадени на компаниите за вршење активности поврзани со игри на среќа им биле издадени во 2019 и 2020 година. Во мирните градови како Охрид и Струга, близу до границата со Албанија, се забележува драматично зголемување на бројот на казина и обложувалници.[185]

## Банкарскиот сектор

Банките играат клучна улога во перењето на пари, бидејќи тие често дејствуваат како чувари на портите кон финансискиот систем. Иако банките не се единствените влезни точки, предноста на банките е во тоа што тие можат да обезбедат низа услуги, вклучувајќи прифаќање депозити, давање кредити, размена на девизи и управување со богатство. Фактот дека средствата може да се повлечат во готово и лесно да се пренесат во странство, ги прави малите банки многу привлечни за перачите и на високо и на ниско ниво.[186]

*Банките играат клучна улога во перењето пари, бидејќи тие често дејствуваат како чувари на портите кон финансискиот систем.*

Помали износи на недозволени пари честопати се носат во банка. На пример, извори од Северна Македонија рекоа дека групите вклучени во криумчарење мигранти ги повлекле своите пари во готовина од агенциите за брз трансфер на пари кои потоа ги депонирале на нивните банкарски сметки и кредитни картички, од каде што подоцна се потрошени без понатамошно испитување.[187]

Но, банкарскиот систем не е релевантен само за помалите шеми за перење пари. Напротив, банките се исто така важен посредник во поголемите трансакции и на сметки во странство. Во 2019 година, Српската единица за финансиско разузнавање (ФИУ) одговори на 105 барања за информации од странски ФИУ, главно во кои биле вклучени српски државјани кои имале банкарски сметки во странство, за кои се сомневало дека имаат врски со криминални групи.[188] Експерт консултиран во Србија објаснил дека со цел да се зголеми изгледот на законитост, средствата прво се пренесуваат во странство, а потоа се враќаат назад во Србија.[189] Во Босна и Херцеговина, нема данок на парични трансакции кон странски финансиски центри и вообичаено е дека офшор-компаниите се појавуваат како основачи (и финансиери) на локални компании.[190]

Банкарските кредити и гаранции за заем се друг метод за да се скрие вистинското потекло на недозволени пари. Во Албанија, набљудувачите забележале дека голем број луѓе се собираат и земаат помали заеми (што е релативно лесно), а потоа се појавуваат како гаранти на градежните компании.[191] Официјалните податоци добиени од Банката на Албанија покажуваат постојан раст на хипотекарни кредити во текот на изминатите неколку години; неисплатените хипотекарни кредити се зголемиле за 10 % во текот на 2020 година.[192] Во Босна и Херцеговина има извештаи за луѓе кои отвораат лажни компании локално и во странство за да префрлаат пари меѓу себе за да го зголемат изгледот на законитоста. Во март 2021 година започнала меѓународна полициска акција против криминална мрежа со употреба на оваа техника во Бања Лука и Приедор, каде што криминалците повлекле неколку милиони евра од сметки на компании со врски со Австрија, Унгарија и Словенија.[193] Освен тоа, извештаите од Босна и Херцеговина покажуваат дека (измислени) компании честопати позајмуваат пари од странство, вклучително и од компании со седиште во Персискиот Залив, каде што изворот на средствата не можат да го утврдат локалните власти. Потоа тие ги користат овие заеми за да инвестираат во локални недвижнини, да отворат други компании или да купат опрема.[194]

Покрај тоа, во Босна и Херцеговина и Косово постои феномен на „интерни заеми“, при што правни лица (кои наводно припаѓаат на ист сопственик, со врски со криминална група) наводно си позајмуваат пари, кои се отплаќаат предвреме. На овој начин тие се обидуваат да го оправдаат потеклото на средствата.[195] Слично, во Црна Гора, медиумите објавиле дека неколку компании зеле заем од 3 милиони евра, обезбеден со имот на т.н. „поврзана компанија“.[196] Според експертите, овие видови трансакции може да се користат и за префрлање средства во Латинска Америка, веројатно за финансирање пратки дрога.[197]

Во Црна Гора, исто така, ило откриено дека Прва банка ѝ дала на сопругата на водачот на истакната криминална група кредитна линија од 4,6 милиони евра без никакви документи, договори или проверка на кредибилитет, врз основа на лична задолжница. Дополнително, на истражителите на Централната банка не им било дозволено да ги видат трансакциите на сметката, што може да покаже дека средствата биле искористени за стекнување недвижен имот.[198] Слично на тоа, истрагите спроведени во контекст на операцијата „Балкански воин", каде што се истражувале криминални групи од регионот вклучени во меѓународни операции за криумчарење кокаин, откриле врски со разни бизниси во Црна Гора. Тие исто така откриле дека Прва Банка и австриската Хипо Алпе-Адриа-Банка позајмиле пари на две локални компании (и покрај лошата финансиска евиденција) за да купат дополнителни недвижнини.[199] На крајот, парите ги вратила компанија со седиште во американската држава Делавер која што депонирала 6 милиони американски долари во Прва Банка.[200] Истата шема (каде што се вклучени и двете банки и компании регистрирани во Црна Гора и Делавер) била искористена и за купување спортски клуб во Будва.[201]

## Помагатели

Слично на банките, професионалците кои работат во финансиската арена, како што се адвокати, сметководители и агенти за недвижности, честопати се вклучени и се ранливи на употреба (или злоупотреба) во трансакции за перење пари. Дел од ранливоста произлегува од фактот дека овие професионалци дејствуваат како помагатели на финансискиот систем, обезбедувајќи пристап до сметки, производи и средства, а исто така, со нивното учество, му даваат легитимитет на процесот на перење пари.[202]

Низ Западен Балкан, извештаите на Оперативната група за финансиски акции (FATF)/ Комитетот на експерти за оценка на мерките против перењето пари и финансирањето на тероризам (MONEYVAL) идентификуваа инциденти на договарање со цел перење пари сите точки во ланецот, вклучително и од страна на изведувачи, агенти за недвижности, нотари, адвокати и банкари. На пример, во извештајот на Комитетот на експерти за оценка на мерките против перењето пари и финансирањето на тероризам (MONEYVAL) од Северна Македонија наведено е дека не се направени обиди од нотари, адвокати или сметководители да го идентификуваат корисникот сопственик на трансакциите во кои се дава директна или индиректна помош.[203] Други експерти консултирани во јавното обвинителство и полицијата во Северна Македонија опишале како неодамнешната истрага открила дека неколку нотари помагале на организиран криминал од Куманово со верификација на фиктивни договори за продажба. Освен тоа, неколку сметководители воделе двојно сметководство за правните лица.[204]

Институциите честопати посветуваат особено внимание на нотарите, имајќи предвид дека сите договори за купување или продавање недвижен имот се заверени кај нотар, но сепак контролата врз вредноста на одреден имот останува тешка (често се пријавуваат прекумерни или преniски цени). Сепак, во Албанија, на пример, по зголеменото подигнување на свеста кај нотарите, заедно со контролите врз трансакциите со недвижен имот, сега се претпоставува дека најголем ризик има кај трансакциите каде што не се вклучени нотарите и агентите за недвижности.[205]

И покрај акцентот на намалување на ранливоста на адвокатите, нотарите и другите професии што помагаат, проблемот лежи пошироко во спроведувањето на законодавството и рамките за спречување на перење пари. Иако правните рамки често се воспоставени низ Западен Балкан, Албанија продолжува да биде на сивиот список на јуриздикции на Оперативната група за финансиски акции (FATF) кои бараат зголемен мониторинг.[206]

# Повеќе пари, поголема комплексност

Како што се зголемуваат приходите од организиран криминал, така се зголемува и побарувачката за постратешки и пософистицирани методи за перење пари што можат да апсорбираат поголеми суми пари. Како што беше претходно забележано, некои криминални групи од Западен Балкан ги инвестираат своите приходи од помали криминални активности во нелегални активности со висок профит, каде што најмногу се истакнува трговијата со кокаин. Ова не е карактеристично само за албанските криминални групи, но е забележано и со групи од Црна Гора (кои започнале како морнари и подизведувачи во други криминални групи пред да се искачат по синџирот на вредности) или браќата Кулум во Босна и Херцеговина (кои во 2004 г. го основале мотоклубот Јунајтед трибјунс (United Tribunes Motorcycle Club) во Германија и биле поврзани со трговија со луѓе, проституција и атентати).[207] Овие високо-профинти активности отвориле нови врати за многу криминални групи, што им овозможува постепено да се развиваат за да станат глобални играчи на меѓународниот пазар на дроги. Исто така, се создава потреба од дополнителни методи за перење пари.

Подолу е детално опишано перењето пари со луксузни стоки или преку компании за градежништво и недвижнини или компании за увоз-извоз. Ова не е исцрпен преглед на сите можни техники, туку список избран врз основа на анализа на податоците добиени во повеќе од 50 интервјуа спроведени со полициски и владини претставници и луѓе кои работат во предметните индустрии, како и со луѓе блиски до криминални групи. Местата претходно идентификувани како жаришта за трговија со дрога повторно се појавуваат во овој дел, бидејќи тие се и жаришта за перење пари, особено во секторите градежништво и недвижности. Други сектори што заслужуваат детална истрага и анализа во иднина го вклучуваат процесот на приватизација во Србија, ИТ секторот во Босна и Херцеговина и јавно-приватните партнерства во Албанија, како и инвестициите во инфраструктурата и врските со директните странски инвестиции низ целиот регион.[208]

## Градежништво и недвижности

Имотот е важна цел за интеграција, бидејќи може да биде место за складирање значителен износ на капитал, на којшто потенцијално ќе му расте вредноста и ќе го подобри квалитетот на стилот на живеење на криминалецот.[209] Како што е опишано во другите извештаи на ГИ-ТОК, инвестициите во градежништво и недвижности имаат долга историја на апсорбирање нелегални приходи во Западен Балкан, имајќи предвид дека секторот е значаен и од аспект на економскиот удел и дека е лошо регулиран.[210] Општините од целиот регион даваат дозволи за градба, но немаат средства да следат што се случува. Исто така, од историски причини, регистрите за земјиште и записите за градежни дозволи се нецелосни и слабо архивирани.[211]

Станбениот имот обично се признава дека е во поголем ризик од комерцијалниот имот заради неговиот потенцијал за обрт.[212] Всушност, многу пазари на недвижности низ целиот регион се поместени од перени пари бидејќи цените вештачки се зголемуваат од криминалци кои сакаат да ги перат своите средства таму. Иако цените на недвижностите паднале низ целиот регион во 2020 година заради КОВИД-19, како што покажува Слика 23, многу места сепак покажуваат пораст од 2017 година.

*Имотот е важна цел за интеграција, бидејќи може да биде место за складирање значителен износ на капитал, на којшто потенцијално ќе му расте вредноста и ќе го подобри квалитетот на стилот на живеење на криминалецот.*

| Локација | Цена по метар квадратен | |
|---|---|---|
| | 2017 | 2020 |
| **Албанија** | | |
| Тирана (центар на градот) | 861 евра | 1.400 – 2.000 евра (цените достигнуваат 4.000 евра во ново изградените облакодери во центарот на градот) |
| Валона (на крајбрежјето) | 700 – 800 евра | 1.000 –1.200 евра |
| Драч (станбени комплекси) | 850 – 900 евра | 850 – 900 евра |
| **Босна и Херцеговина** | | |
| Сараево (стариот град и центар) | 600 – 2.250 евра | 575 – 2.750 евра |
| Бања Лука | 750 – 1.250 евра | 978 – 1.183 евра |
| Тузла (центар на градот) | 1.150 евра | Н/П |
| **Косово** | | |
| Приштина | 600 – 2.500 евра | 1.000 –1.100 евра |
| Пеќ | Н/П | 500 – 550 евра |
| Призрен | Н/П | 600 – 660 евра |
| **Црна Гора** | | |
| Подгорица | 1.123 евра | 966 евра |
| Крајбрежје | 1.159 евра | 1.401 евра |
| Северен регион | 639 евра | 720 евра |
| **Северна Македонија** | | |
| Скопје (центар) | 887 евра | 973 – 1.021 евра |
| Битола | 376 евра | 559 – 612 евра |
| Струмица | 500 евра | 472 – 534 евра |
| **Србија** | | |
| Стари Град, Белград | 1.878 евра | 2.499 евра |
| Ниш | 794 евра | 914 евра |
| Нови Сад | 1.007 евра | 1.204 евра |

**СЛИКА 23** Споредба на цените на недвижности во избрани градови ширум регионот во Западен Балкан.

ИЗВОР: Информациите се добиени од локалните агенции за недвижнини, националните заводи за статистика и анализи на медиумите.[213]

# ИЗБРАНИ СТУДИИ НА СЛУЧАИ ОД РЕГИОНОТ

## Албанија

**СЛИКА 24** Избрани жаришта каде што се одвива перењето пари во Албанија.

Помеѓу 2017 и 2020 година, Тирана доживела градежен бум и скок на цените на недвижнините. Додека цената на квадратен метар за просечен станбен стан во Тирана била околу 861 евра во 2017 година, во 2020 година таа ила од 1.400 - 2.000 евра - речиси двојно повисока.[214] Во Валона, криминалните групи наводно инвестираат во туристичкиот сектор, вклучително и во луксузни хотели на море. Цените се зголемиле од 600 до 700 евра за метар квадратен во 2017 година на крајбрежјето на 1.000 до 1.200 евра на почетокот на 2021 година.[215] Експертите тврдат дека ова зголемување не може да се објасни со поголемата побарувачка од реалната економија или растот на формалните приходи, но наместо тоа, во голема мера е управувано од готовина од организиран криминал и корупција, инвестирани во градежништво и недвижности.[216] Во Тирана, во моментов се планираат дополнителни луксузни проекти во центарот на градот коишто не ги одразуваат силите на пазарот.[217]

Градежните активности продолжија и во текот на целата 2020 година. Всушност, и покрај пандемијата КОВИД-19, ИНСТАТ (Албанскиот завод за статистика) забележал историски рекорд во вкупната област во бројот на одобрени градежни дозволи во вториот квартал на 2020 година, највисок број се води евиденција во 2008 година. Додека во 2020 година албанската економија се намалила во просек од 10,2 %, активноста на недвижнините продолжила да расте за 5,5 %.[218]

## Црна Гора

**СЛИКА 25** Избрани жаришта каде што се одвива перењето на пари во Црна Гора.

Клановите Кавач и Шкаљари наводно поседуваат различни видови недвижен имот низ целата земја.[219] Морнари кои се занимаваат со транспорт на кокаин од Латинска Америка во Црна Гора, исто така, купиле станови или куќи од локалните жители, кои не го доведуваат во прашање изворот на приходот.[220] Обвинителството ја проценило вкупната вредност на недвижниот имот во сопственост на клановите Кавач и Шкаљари на 27 милиони евра (што е веројатно значајно помала процена).[221] Членовите на клановите наводно поседуваат градежни компании кои се поврзани со други сопственици на организирани криминални групи од странство.

Експертите интервјуирани во Црна Гора дополнително известуваат дека голема градежна компанија во моментов е осомничена за перење пари од трговија со дрога и криумчарење цигари.[222] Извори потврдиле дека неформалните сопственици на компанијата порано се занимавале со криумчарење цигари и имале врски со разни криминални групи во Албанија, Косово, Србија, Босна, Русија и Азербејџан;[223] тие се поврзани и со поранешниот шеф на криминална организација Насер Келменди.[224] Навистина, записите покажуваат дека Келменди користел голема количина готовина за изградба на хотел во Улцињ со поддршка на оваа компанија.[225] Исто така наводно набавил градежни машини за многу краток временски период, под сомнителни околности.[226] Моментално е под истрага во врска со неколку договори за набавки со висока вредност доделени од претходната влада. Компанијата е вклучена и во изградбата на новиот автопат, еден од најголемите инфраструктурни проекти во земјата.[227]

## Босна и Херцеговина

**СЛИКА 26** Избрани жаришта каде што се одвива перењето пари во Босна и Херцеговина.

Како политички и економски центри на земјата, Сараево и Бања Лука привлекуваат криминалци кои соработуваат со (корумпирани) политичари, плаќаат мито на компании и кои имаат потреба од место за перење на нивните пари. Босна и Херцеговина сè уште нема унифициран сеопфатен регистар на недвижности.[228]

Пазарот на недвижности во земјата, особено во Сараево, не привлече само локални криминални актери, туку и групи што работат со меѓународна трговија со дрога и арапски инвеститори.[229] Вклучувањето на последните привлече внимание, особено по напливот на посетители од земјите од Персискиот залив во 2015-2016 година, кога многумина од нив, наводно, купиле земјиште, викендички и станови во или околу Сараево. Значителен дел од овие трансакции (можеби во вредност од стотици милиони евра), наводно, биле извршени во готовина, заобиколувајќи ги локалните законски прописи и основајќи фиктивни компании преку кои тие го купиле и регистрирале овој имот.[230] Денес, многу од овие објекти се оставени полуизградени; оние што се завршени остануваат претежно затворени и неискористени.[231]

Овој случај, исто така, ја потврдува поширокатa ранливост каде што Западен Балкан нуди привлечна локација за странски бизниси да ги перат нивните пари. Официјален претставник на босанската федерална полиција го изрази тоа на следниот начин: Речиси секоја инвестиција од странство, особено ако инвеститорот е врзан за некој од [локалните] политичари ... сето ова е сомнително од аспект на можно перење пари.[232]

## Србија

**СЛИКА 27** Избрани жаришта каде што се одвива перењето пари во Србија.

Индустријата за недвижности во Србија доживеала невообичаено висок раст помеѓу 2018 и 2020 година, иако многу од новоизградените згради остануваат празни. Слично на Албанија, градежната индустрија продолжи да расте за време на пандемијата КОВИД-19 и покрај намалувањето на општата економија. Пример е зголемувањето на вработеноста и набавката на материјали за проектот Белград на вода.[233] На слика 23 е прикажан неверојатниот раст остварен низ различни градови во Србија и зголемувањето на цената на метар квадратен, и покрај веќе презаситениот пазар на станбени објекти.[234] Експертите тврдат дека ова зголемување е најверојатно последица на значителен износ недозволени средства што се инјектираат на пазарот. Тие укажуваат дека српскиот пазар на недвижнини стана регионален центар за перење пари преку недвижности.[235]

## Косово

**СЛИКА 28** Избрани жаришта каде што се одвива перењето пари во Косово.

Според висок функционер на Централната банка на Косово, во градежниот сектор имало бум во различни градови низ земјата во периодот од 2016 до 2019 година, кога вкупните инвестиции во градежниот сектор биле околу 1 милијарда евра. Сепак, околу 350 000 згради изградени по војната сè уште немаат дозвола.[236] Голем дел од овие инвестиции се наводно средства генерирани преку криминални активности, вклучително и корупција, затајување данок и трговија со дрога, од страна на луѓе блиски до владејачката елита. Експерт исто така објасни дека локалните организирани криминални групи, заедно со нивните албански и турски колеги, особено се фокусираат на Приштина и Призрен, двата најголеми градови во земјата. Ова се должи на нивниот општ активен градежен сектор (и побарувачката), како и на близина на Призрен со Албанија. Се чини дека друго жариште е Урошевац, што исто така се наоѓа на југот на Косово, со пари инвестирани главно во градежништвото и хотелскиот сектор.[237]

## Северна Македонија

**СЛИКА 29** Избрани жаришта каде што се одвива перењето пари во Северна Македонија.

Во 2014 година, полицијата уапсила неколку членови на криминална група активна во трговија со дрога и лихварство во Куманово за време на „Операцијата Калабрија". Групата испрала повеќе од 4 милиони евра, најпрво преку разни банкарски сметки и услуги за брз трансфер на пари,[238] потоа преку бизниси со интензивна употреба на готовина и, конечно, преку луксузни предмети и недвижности во Романовце (Куманово)[239] и Косово.[240]

Градежништвото е во неверојатен подем низ целата Северна Македонија, а повеќето градежни работи се одвиваат во регионите на Скопје, Полог (Тетово и Гостивар), и во југозападниот дел (Битола, Струга и Охрид).[241] Во моментот, во тек се неколку отворени истраги за перење пари преку индустријата за недвижен имот, во кои е вклучен и Никола Груевски, поранешниот Премиер на земјата и неговите соработници.[242] Над 1 000 диви градби биле пријавени во 2020 година во Охрид, од кои повеќе од 400 лежат во зоната заштитена со светско наследство на УНЕСКО, што го загрозува статусот на наследство на градот.[243]

Перењето пари преку градежништвото и бизнисите со недвижности е популарно затоа што останува релативно лесно и може да апсорбира големи количини на капитал. На пример, во неколку земји низ регионот, компаниите што бараат градежна дозвола не се обврзани со закон да покажат доказ за нивниот капитал или неговото потекло. Тие само треба да платат данок на инфраструктура, што зависи од вредноста на градбата.[244] Постојат неколку начини да се сокријат недозволени пари, од кои некои се:

- Исплати однапред од страна на клиенти. Ова често се користи во врска со намалување на реалната вредност на купениот имот. Клиентите обично почнуваат да плаќаат пред станот да биде подготвен.
- Високи одговорности за добавувачите. Во градежната индустрија, системот за компензација (на пример, размена на градежни материјали за станови) и исплата на готовина за материјали и плати продолжува да биде многу чест.
- Пријавување големи заеми од други страни, наместо од банки или финансиски институции.
- Директни трансакции/посредување помеѓу купувачот и инвеститорите или градителите на новоизградената зграда. Со елиминирање на олеснувачите и посредниците, полесно е да се „преуредат“ паричните текови и да се прават зделки за перење пари.

Овие методи им овозможуваат на компаниите да се преправаат дека целата инвестиција е извршена врз основа на плаќањата од клиенти и добавувачи и заеми од трети страни, со што се овозможува завршување на циклусот перење на приходи од криминал. Вообичаено, поединците инвестираат во изградба на станбени објекти со одобренија за градење и друга релевантна документација, бидејќи инвестирањето во станбени или деловни објекти кои немаат градежна дозвола предизвикува уште поголем сомнеж за перење пари и корупција.[245]

Агент за недвижнини во Албанија забележа дека голем процент од луѓето кои купуваат луксузни станови користат нелегално стекнати пари и плаќаат во готово.[246] Сепак, дури и кога плаќањата не се вршат во готово (туку преку финансискиот систем), експертите тврдат дека проверката на изворот останува прилично спорадична. Иако е задолжително трансакција од над 10.000 евра да се изврши преку банкарски трансфер, градежните компании овозможуваат да се поделат плаќањата на мали рати по помалку од 10.000 евра и да се прогласи фиктивна цена пониска од реалната, со што се прави можно е поединците да го кријат вистинското потекло на своите пари.[247]

**Коцкањето е добро познат начин за перење пари. Иако коцкањето е забрането на Косово, казината сè уште се дозволени во луксузни хотели во Албанија, а коцкањето цвета во некои земји од регионот, вклучително и Северна Македонија и Србија.**
*© Мбирди/Гети Имиџис (Mbbirdy/Getty Images)*

## Луксузни предмети

Луксузни предмети, како што се уметнички дела, накит, автомобили и јахти, исто така може да се користат за перење пари. Неколку агенции за спроведување на законот низ целиот регион претходно објавија дека лица со криминално досие (и без оправдани приходи) инвестираат во луксузна стока.[248] Истрагата за мафијата во Франкфурт открила дека многу членови ги претвориле своите приходи од криминал во луксузни автомобили. Одземени се вкупно 14 луксузни автомобили, два мотори, како и 50.000 евра и 157.000 македонски денари. Покрај тоа, утврдени се трансфери на пари во износ од 265.000 евра.[249]

Луксузните предмети, исто така, најчесто се користат за да се пренесат нелегални приходи преку границите. Извештаите од Северна Македонија покажуваат дека странски државјани користеле фалсификувани лични карти и платежни картички за да купат скапи предмети, техничка опрема како мобилни телефони и компјутери и накит, кои потоа можат да се носат или да се носат како лични предмети преку државната граница и да се претворат во готовина.[250]

## Увоз–извоз и фиктивни фактури

Постојат повеќе начини на злоупотреба на трговските трансакции и начинот на нивното финансирање, но основната идеја останува иста: намерно фалсификување на вредноста, обемот и/или видот на стоката во меѓународна трговска трансакција на стоки или услуги со цел да се манипулира со вредноста за царински цели. Разликата помеѓу реалната вредност и наведената вредност станува начин и за избегнување данок и за пренесување големи количини пари преку меѓународни граници. Растот на трговијата низ целиот регион и преку глобалната економија ги засили обемот и вредноста на перењето пари засновани врз трговија. Посебно внимание треба да се посвети на компаниите за увоз-извоз.

Фактурирање на пониски цени на производите најчесто се јавува на барање на увозник, со цел да се платат пониски увозни давачки. Ова е исто така во интерес на извозникот, бидејќи ја намалува вредноста којашто е предмет на одаточување на фактурата. Добро познат пример е увозот на користени автомобили во Србија. Особено во 2018 и 2019 година, забележани се бројни неправилности во прометот и плаќањата за користени автомобили. Средства од непознато потекло биле користени за да се обезбеди „заем за ликвидност“ на компанијата што тргува со користени автомобили. Оваа компанија потоа ги префрлила парите користејќи измислени фактури на друго правно лице, кое ги префрлило на автомобилски компании во странство со цел да ги набави вистинските автомобили.[251]

Во овие сложени шеми, вообичаено е да се користат шел компании или компании со ограничена одговорност. Овие компании потоа префрлаат пари едни на други врз основа на измислени правни трансакции, без никакво очигледно економско оправдување освен перење пари.[252] Овој модел се чини дека го користел и Дарко Шариќ - познат како „кралот на кокаинот“ до неговото апсење во 2014 година - за кој се тврди дека инвестирал пари од трговија со дрога во закуп и сопственост на одредени компании (вклучително и во САД и Црна Гора). Ова му овозможило да пренесе неопределена сума пари, на начин што не предизвикал сомнежи кај властите, кои потоа ги перел во земјоделство и недвижности, претежно во Војводина, Србија. На сличен начин, финансиското работење преку сметки на нерезиденти што ги чуваат странски правни и физички лица е растечки тренд во банкарскиот сектор во Северна Македонија и во Србија.[253] Овие практики покренуваат прашања и сомневања во однос на нивната намена и економската и правна оправданост на финансиското работење на некои нерезиденти кога се занимаваат со операции за реекспорт.

## Идни чекори

*Шемите за перење пари брзо се менуваат и криминалците честопати брзо се прилагодуваат на новите технологии и техники.*

Шемите за перење пари брзо се менуваат и криминалците честопати брзо се прилагодуваат на новите технологии и техники. Во иднина, ќе биде важно да се внимава на развојот на настаните. Според претставник на Европол, криминалните актери низ целиот свет веќе прават големи инвестиции од своите приходи во средства на криптовалути.[254] Принудени да се потпираат на интернет заради КОВИД-19, ова исто така може да биде тренд во Србија каде што во текот на 2020 година се зголеми трговијата, купувањето и рударството на криптовалути.[255] Иако готовината е важна, таа може да не остане главниот медиум за размена.

Во изминатите неколку години, владите на Западен Балкан направија различни напори да се справат со перењето пари, вклучително и преку усвојување ревидирана рамка за спречување перење пари. Сепак, сè уште има неколку недостатоци, особено во однос на спроведувањето на овие рамки. Институциите низ целиот регион и понатаму имаат лош учинок во истраги, гонења и осудувања на самостојни случаи на перење пари.

